СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртата седница на Собранието на

Република Македонија одржана на

4 декември 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 4-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски и Ѓорѓи Спасов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата на Собранието.

Ве молам сите да притиснеме по едно копче од системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 78 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија г-динот Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на РМ, претседателот на Државната изборна комисија, претседателот на Републичкито судски совет и Јавниот обвинител на РМ.

Записникот од 3-та седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот?

Дали пријавените пратеници се записникот или се притиснати по грешка. Тоа се Славица Грковска - грешка, Зоран Томиќ-грешка.

Со оглед дека никој не бара збор, констатирам дека записникот от 3-та седница на Собранието е усвоен без забелешка.

Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Македонија по

договорите  за заеми по Проектот ХЕЦ “Козјак” со Кинеската банка и фирмата “Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп”, со Предлог на закон.

Комисијата за деловничко-мандатно имунитетни прашања  предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Макеоднија.

Го молам претседателот на Комисиајта  за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да ја образложи основната и неодложна потреба овој предлог да биде разгледан на оваа седница.

Има збор г-динот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги  пратеници,

Комисијата за  деловнички и мандатно -имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија на својата седница која ја одржа на 3 декември 2002 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за преземените активности согласно член 102 од Законот за избор на пратеници и врз основа на член 66 од Деловникто за работа на Собранието на Репубублика Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го дополни дневниот ред на оваа седница со точката за верификација на мандатите на новите пратеници во Собранието на Република Македонија.

Ова од причини и со образложение согласно член 16 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, Собранието е должно мандатите на пратениците кои стапуваат на должност за остатокот од мандатот да ги верификува ведна на првата наредна седница.

Од тие причини предлагам до Собранието да го прифати овој предлог на мандатно-имунитетната Комисија и оваа точка да ја стави како прва точка на дневен ред на денешната седница како новоизбраните пратеници би можеле да учествуваат полноправно во работата на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисиајта за верификација на мандати на пратеници да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 65 пратеници, за гласале 65, воздржани и против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Предлогот на изменување и дополнување на Буџетот Ви е поделен непосредно пред седницата.

Го молам претседавникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на изменвуањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Има збор г-динот Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Добар ден почитувани пратеници, на почетокот да Ви се извинам за вина што не е вина на Министерството за финансии ни моја, што не е вина на Владата на Република Македонија што на овој начин доставуваме барање за измена на Буџетот на РМ изгласан од претходниот состав на Парламентот, не е вина ни на министерот за финансии заради тоа што овие 30-тина дена констатиравме големи пречекорувања на буџетските позиции на лимитираниот износ на Буџетот, износи кои мора едноставно да бидат во најголемиот дел затворени оваа година, значи бараме решенија да бидат затворени о.г. заради последиците кои можат да настанат во остварувањето на политиката за 2003 година, а мислам дека ќе имате разбирање зошто инсистираме по кратка постапка, зошто се важни и 15 дена побргу да го усвоиме отколку пуштањето на ваков документ во редовна процедура затоа што знаете дека преговорите односно предпреговорите со Меѓународниот монетарен фонд ги завршивме на 27-ми пред нивното второ доаѓање кога конечно сакаме да оствариме договор со мисијата на ММФ и бидејки вакви прашања не може да не се дискутираат и да не се координираат со ММФ во услови кога сакаме да постигнеме аранжман за наредната година, веднаш по завршувањето на тие разговори, а и до денешни дни констатираме пречекорување во Буџетот, пристапивме кон измена , кон подготовка за измена и дополнување на Буџетот од 2002 година. Од 27-ми до денеска , се разбира, мораше да се потрошат уште неколку дена за да се подготват овие измени на Буџетот. Ние ги подготвивме, Владата вчера ги усвои, ги поддржа и ги доставуваме до Собранието.

Основниот проблем зошто и 15 дена се поважни затоа што врз основа на овие измени треба да настанат сериозни суми на исплати за обврски кои , ако не се извршат, би имале големи трошочни ефекти и дестабилизирачки ефекти за 2003 година, а макроекономистите знаат дека не би смееле да дозволиме само неколку дена пред Нова Година да се исплати толкава количина на неизмирени обврски, бидејки тоа би извршило

сериозен удар врз побарувачката, врз ценовната стабилност, врз девизниот курс, врз девизните резерви на РМ и затоа иако и овој месец, се разбира, е многу краток, дискутабилен за да се распоредат плаќања на вака високи трошоци сепак подобра амортизација ќе настане ако барем целиот декември го употребиме за измирување на вакви обврски отколку само 3 или 5 дена пред крајот на годината што би се случило ако на пример одиме со редовна процедура за измени на Буџетот.

Тоа е основната причина, координирани се овие измени договарани со големо разбирање на ММФ затоа што и тие покажаа разбирање дека настанати прекумерни трошења во 2002 година ќе имаат голем негативен одраз за идната година и дека е добро што Владата прави напори да амортизира добар дел од тие негативности што би се префрлиле за наредната година. Тоа е основната причина, јас уште еднаш Ви се извинувам, лично не ги сакам таквите кратки постапки, но ова е една изнудена ситуација од состојбите што ги констатираме во формирањето и трошењето на Буџетот на РМ.

Се надевам дека ќе имаме разбирање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Знаете, согласно Деловникот за овој предлог не се води расправа.

Предлогот на Владата изменвуањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 56, против гласале 4.

Со оглед дека не гласале 61 пратеник, ги молам службите да утврдат дали во салата има 61 пратеник, несметајќи еден пратеник кој влезе сега и не гласаше.

Во салата се присутни 75 пратеници значи во моментот на гласањето имало 74.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година.

Предлогот на законот непосредно пред седницата Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-динот Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, знаете дека со секој Буџет се утврдува горната граница на можностите на трошење на една држава и секој Буџет со секоја година е пропратен со ваков закон. Ова е составен дел со Буџетот што го предлагаме.

Исто така за да не излегувам по втор пат, ако е можно г-дине претседател,бидејки од буџетските измени произлегува една измена и во Програмата за користење на средствата од приватизацијата, заради тоа овие три документи одат заедно на денешната седница. Тие се меѓусебно поврзани и условени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 55, против 4, со оглед дека во салата има над 75 пратеници , констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Господинот Замир Дика процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседател, предлагам од сега за секоја точка што ќе се гласа доколку не се притиснат доволно копчиња за да имаме 61 пратеник, тогаш да се пребројат присутните во Парламентот пред сите гласања за да бидете сигурни дека ќе има доволен број пратеници.

Бидејки се плашам дека ова ќе стане преседан и да делуваме само врз основа на впечаток. Тоа е моја молба иако знам дека е тоа во ваши раце.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ова е процедурално барање да дадам одговор, па потоа ќе Ви дадам збор.

Г-дине Дика со последното гласање во салата имаше 75 пратеници, јас го гледам распоредот еден ја напушти салата, друг влезе во салата значи во моментот на гласањето имаше 75 пратеници. Не чувствувам потреба да пребројуваме, бројот кој од мој агол гледано е совршено јасен. Ако Вие барате пребројување јас тоа ќе го ставам односно ќе ги замолам службите да пребројат, меѓутоа, ако се обраќате до мене заради причините заради кои се обративте, тогаш немам намера да пребројувам, тоа е очигледно. Ако имате посебно барање, тоа ќе го прифатам.

Г-дине Буџаку имате процедурално или?

Ако имате дискусија не е возможно, само процедурално.

АГРОН БУЏАКУ:

Барам 5 минути пауза за консултација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Објавувам 5 минути пауза на барање во име на Пратеничката група, претпоставувам дека барате.

Пет минути пауза.

(Паузата траеше од 10,30 до 10,50 часот).

Ги молам пратениците да притиснат на едно од копчињата од системто за гласање за да утврдиме присутен број на пратеници.

Ве молам вклучете го системот.

Вкупно притиснале копче 55 пратеници, а присутни се повеќе според картичките. Очигледно не можеме да се договориме како да работиме, ги молам службите повторно да не изборјат колку сме во салата.

Кога ќе Ве замолам да притиснеме копче, да притиснеме.

Присутни се 70 пратеници, можеме полноправно да одлучуваме.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средствата остварени од приватизација на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година.

Предлогот на Програмата и е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на оваа програма.

Господине Гошев да ја образложите програмата, само за итноста.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Го образложив тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Останувате на тоа од претходното.

Благодарам.

Предлогот на Владата оваа Програма по итна постапка да се донесе го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, за гласале 50, воздржан 1, против 1.

Констатирам дека со оглед на бројот на присутни пратеници од 73 дека предлогот на Владата е усвоен.

Г-динот Замир Дика бара процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Г-дине претседател уште еднаш барам процедурална интервенција од две причини.

Првата е иако ќе биде потребно малку повеќе време за образложение на законите кои се предложени од Владата, сепак мислам дека е во ред за секоја точка која се предлага да се разгледа итноста на донесувањето. Мислам дека треба да се даде образложение за секоја точка поединечно.

Второто прашање сакам уште еднаш да укажам дека и Вие кога бевте опозиција една од главните забелешки за одредување на кворумот беше непребројувањето или само оценката на претседателот од око колку пратеници има внатре.

Уште еднаш, со најдобра намера би сакал при секое гласање да се утврди бројот на присутните пратеници од страна на службите за да утре можеме да кажеме дека сите закони се усвоени во согласност со Правилникот за работа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Замир Дика барате да се преброи Собранието или не?

ЗАМИР ДИКА:

Не е моја потреба да се верификува бројот дали има 60 пратеници или нема, не е лична потреба, туку се работи за принцип, доколку Вие денеска го воспоставите принципот на Ваша лична оценка дали има 61 или нема или Вие мислите дека ние како пратеници треба да гледаме кој пратеник излегол или не излегол тоа е Ваше право, меѓутоа, моја желба е да се воспостави принцип кој ќе го следиме при нашата работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, нема потреба Вие да гледате дали некој влегува или излегува, за тоа има претседател на Собранието што гледа и во овој момент има повеќе од 61 пратеник и молам да ја прифатите мојата оцена.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за измена и дополна на Законто за енергетика.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г-динот Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, итноста за донесвуање на овој закон се должи на интензивирање на активностите за воспоставување на независни регулаторни тела во земјите од регионот, формирање на асоцијации на истите како и реализирање на Проектот за развој на енергетската комисија во Република Македонија финансирана од Европската агенција за реконструкција во рамките на КАРДС Програмата за 2002 година.

Со предложеното изменување и дополнување на Законот за енергетика се уредува основање и работење на  регулаторната комисија за енергетика. Регулаторната комисија за енергетика, се предвидува да биде основана и да работи како независна институција составена од пет члена и други административно стручни лица , околу 15.

Мандатот на членовите на регулаторната комисија е пет години.

Членовите на оваа комисија ги именува и ги разрешува Собранието  на предлог на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Согласно Деловникот, за предлогот се одлучува без расправа.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник.

За гласале 70 пратеници, воздржани нема и ротив гласал еден пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Господинот Љубисав иванов бара збор.

Господине Ивановски можете да се јавите за збор во офаа фаза процедурално или деловнички. Друго не можете, бидејќи нема отворено расправа по точката.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО:

Барам процедурално и тоа побарав збор пред  да го ставите предлогот на гласање.

Јас мислам дека таквата пракса која вие ја воведувате во Собранието, да се ставаат точки на дневен ред за кои ние немаме материјали е преседан и опасност за демократско одлучување во Собранието, затоа што ние како пратеници немаме претходна можност да ги проучиме тие точки и материјали и сме хендикепирани во донесувањето на одлуките и правилното наше однесување на седниците на Собранието. Поради тоа ќе ве молам, како претседател да инсистирате материјалите по точките да ги

добиваме пред седниците и тоа на неколку дена, како би можеле да се подготвиме по тие точки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Материјалите за седници ги добивате, ако се закони 15 дена пред почнувањето на седницата, а ако се други одлуки 10 дена. Меѓутоа Владата според законот има право да бара за некој закон итна процедура. Итната процедура Владата ја побара и тоа е законско решение. Материјалите ви се доставени, ги имате пред вас и Собранието одлуува дали ја прифаќа итноста или не. Во овој случај ја прифати.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верифиација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи на јавните потреби за 2002 година;
4. Предлог на програма за изменување и дополнување на Програмата за користење на средства остварени од приватизација на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика;
6. Предлог за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Македонија;
7. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје И - Скопје;
8. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје;
9. Предлог за разрешување на судија на основниот суд во Велес;
10. Предлог за разрешување од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници;
11. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменици на секретарот на Собранието на Република Македонија;
12. Предлог на одлука за именување на заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
13. Предлог на избор за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
14. Предлог за избор на претседатели  на основните судови во Битола, Крушево и Охрид;
15. Предлог за избор на судии на основните судови во Скопје И - Скопје;

16. Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
17. Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
18. Предлог на одлука за избор на шест членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа;
19. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на ОБСЕ;
20. Предлог на одлука за утврдување на составот на делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;
21. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;
22. Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организација НАТО;
23. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент;
24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Климент Охридски”;
25. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици, на Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Македонија;
26. Предлог на одлука за огласување и именување на јавен обвинител на Република Македонија.

Дали има некој предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред?

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе, членови на Владата, почитувани колеги,

Денес имаме една итна процедура за дополнување  и донесување на законот на Буџетот на Република Македонија заедно со другите закони што него го следат.

Владата е таа која ќе ја оцени потребата од итно донесување. Ние би ја поддржале една таква потреба во врска со промената и дополнувањето на Буџетот, но имајќи предвид дека се работи за големи суми на пари кои се репрограмираат и имајќи го предвид фактот што денес на дневен ред имаме именување на комисии односно работните тела на Собранието на Република Македонија, предлагам втората точка и другите точки кои се поврзани со Законот за Буџет да се стават после именувањето на комисиите, сега точно не се сеќавам за точките бидејќи се промени нивниот ред, со цел овој закон да се разгледа од страна на Матичната комисија, Комисијата за финансирање и буџет, со цел кога ќе го добиеме материјалот од  Комисијата, ние како пратеници да мжеме да гласаме правилно. Мислам, доколку не се промени дневниот ред, без парламентарните комисии да го разгледаат тоа прашање, а ние ќе гласаме сосема неподготвени затоа што знаете се работи за еден материјал од 100 страници а ние го добивме само пред 10 минути, мислам дека не е во ред и се плашам дека повторно ќе направиме еден преседан и ќе продолжиме како порано со тоа што ат хок ќе добиваме  материјали и ние како пратеници за материјали повеќе од 100 страници да бидеме обврзани да гласаме во рамки на една сеанса. Значи точките кои се поврзани со Буџетот на Република Македонија да се стават после, откако комисиите ќе бидат избрани, за да можат комисиите да го разгледаат ова прашање бидејќи се работи за пари кои доаѓаат од населението, преку даноците. Затоа мислам дека е потрено едно професионално разгледување на ова прашање од страна на парламентарните комисии, со цел ние да донесеме една подобра одлука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас само би сакал да продолжиме со утврдувањето на дневниот ред затоа што тој сеуште не е утврден, а тоа ќе го имам во предвид кога ќе дојдеме на работа по точките од дневниот ред.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Се покажа моето укажување како многу реално и објективно, еве ваков материјал со ваков обем , а тоа ребалансот на Буџетот на РМ дека сака да се донесе по итна постапка без да помине низ една широка процедура,  а исто така и ние како пратеници доволно да го проучиме, зборува дека нешто се сака да се донесе набрзина без тоа  доволно да се проучи. Затоа јас предлагам оваа точка да отпадне од оваа седница, значи ребаланс на Буџетот на Република Македонија и да дојде на една наредна седница а да помине низ една потполно нормална процедура.

Тоа што ми кажавте вие дека Владата има право, тоа право го има само во исклучителни случаи, но ова не се исклучителни случаи. Според тоа, ве молам, ако сакате Собранието да ја игра својата улога во која е поставено според Уставот,како претседател треба да се заложите, вакви значајни точки од дневниот ред не можат да се донесуваат низ една ваква итна процедура.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За жал, Собранието одлучи за итноста. Јас не можам повторно да го ставам на гласање тоа.

Со оглед на тоа што никој друг не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале вкупно 77 пратеници.

За гласале 70 пратеници, воздржани 6 и против гласал еден пратеник.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Предлагам на седницата да работиме по точка 1 - Верификација на мандати и после да се префрлиме на точката 6 - Предлог за разрешување од функцијата јавен обвинител и да завршиме до точката 24, бидејќи се тоа одлуки за избори и именувања, а после да се вратиме на точката 2 , Буџетот, точката 3, Законот за изменување и дополнување на ограничувањата на изворните приходи, точка 4, Програмата за средствата од приватизација и точка 5, Закон за енергетика. Според моите предвидувања тоа ќе биде некаде во попладневните часови.

Што се однесув до барањето на господинот дика, можам да ве известам дека согласно Деловникот, после изборот на работните тела, секој претседател на работно тело кое ќе го избереме, може да побара седницата да се прекине за да ја разгледа

итната точка на својата комисија. Меѓутоа предлагам тоа да биде откако ќе ги избереме комисиите.

Дали се согласувате да работиме по овој редослед.

Молам, кој се согласува да се изјасниме со гласање.

Гласале вкупно 60 пратеници.

За гласале 57 пратеници, еден воздржан и против гласале дваца.

Ги молам службите да избројат колку присутни пратеници има во салата.

Во салата присутни се 79 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Бидејќи вие дневниот ред го изфрешетавте, а ние не можеме да следиме која точка е по ред, ве молам да ни се достави дневен ред, така како што е усвоен.Инаку ние не можеме да ја следиме оваа седница.

Морам да ви забнележам дека вие не давате збор кога ние како пратеници ќе побараме, туку кога вие сакате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на дневен ред како пречистен веќе се работи и ќе ви биде доставен, а ви давам збор, согласно Деловникот, кога треба да ви се даде. Во овој случај прво се става на гласање предлогот што туку е изнесен од било кој пратеник, вклучувајќи го и претседателот, а после одиме на друг предлог па таа забелешка не ви ја прифаќам.

Заради појаснување, сега одиме прво со верификација и после со предлозите кои ги прочитав.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Државната изборна комисија согласно Законот за избор на пратеници, спроведе постапка за верификација на мандатите на пратениците кои стануваат пратеници за остатокот од мандатот.

Согласно член 101 од Законот за избор на пратеници, на пратениците Џеладин Шатку од Демократската унија за демократија и на пратеникот Тале Герамитчиески од Социјалдемократскиот сојуз, поради настапување на причините за неспоивост со функцијата, им престанува мандатот на пратеници а тоа Собранието го констатираше на третата седница.

Согласно член 102 од Законот за избор на пратеници, за остатокот од мандатот пратеници стануваат господата Аднан Јашари од ДУИ и господинот Владо Паунков од СДСМ.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања одржана на 3.12.оваа година го разгледа спомenатиот извештај на ДИК и притоа едногласно длучи дека се исполнети законските услови за верификацијата на мандатите на овие пратеници и дека нема други пречки кои би ја довеле во прашање нивната верификација на мандатот. Затоа му предлагам на Собранието да одлучи на оваа седница да го верифицира мандатот на пратениците Аднан Јашари и Владо Паунков.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 76 пратеници.

За гласале 74, двајца воздржани и против нема.

Констатирам дека Извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците Аднан Јашари и Владо Пунков.

На двајцата пратеници им честитам за верификацијата на мандатите.

Минуваме на точката 6 - Предлог за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Јас уште на минатата седница поставив прашање да ми се одговори од кои причини се менува јавниот обвинител. Редно е барем на оваа седница да го добијам тој одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има Биковска Наташа, а претставникот на Владата доколку оцени за потребно да се јави за збор, добива веднаш, кога ќе оцени дека е потребно предимство. Сега збор има Биковска Наташа.

БИКОВСКА НАТАША:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во врска со предлогот на Владата за разрешување на јавниот обвинител на РМ, би сакала да ги потенцирам своите размислувања за оваа институција и принципите кои требаше и треба да бидат запазени во нејзиното функционирање. Од оваа власт народот најмногу очекува да овозможи профункционирање на правната држава, да се врати угледот и достоинството на институциите. Овој имепартив сметам дека е запазен при поднесувањето на овој предлог од страна на Владата. Имено, во системот на законито функционирање на сите државни органи и владеење на правото, јавното обвинителство е орган кој треба да биде иницијатор на постапките со кои се санкционираат сторителите на кривични дела, а во согласност со Законот. Притоа одговорноста за почитувањето на законите од страна на граѓаните на РМ треба да биде третирана еднакво за сите граѓани на РМ без оглед на полот, расата, политичкото и верското убедување, нивната социјална положба, нивното место во општеството или нивната функција во државата.

Ќе потенцирам, јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривични дела и други казниви дела и врши други работи утврдени со Законот. Значи основен предуслов за непречена и функционална работа на судовите претставува успешното и законското работење на органите на прогонот особено на јавното обвинителство.

Сметам дека Јавното обвинителство е алка што ги поврзува органите на откривање кривични и други казниви дела и нивните сторители со судовите и другите државни органи и правни лица. Со својата работа, согласно Законот, е единствениот орган што ги застапува интересите на државата, како организиран систем во борбата против девијантните појави и криминалитетот. Популарно, Јавното обвинителство би го нарекла адвокат на државата која, заради успешно остварување на своите функции во овој орган треба да имплементира стручни непристрасни и професионални лица.

Значаен сегмент во работата на Јавното обвинителство и е транспарентноста во неговата работа. Тоа треба да биде отворено за соработка со сите надлежни институции, како и да ги информира граѓаните преку печатот и другите стредства за јавно информирање за остварувањето на своите законски надлежности.

Во услови кога криминалитетот, како општествена појава, е се поприсутен во државата, кога човечкиот живот станува неважен, кога митото и корупицјата се длабоко навлезени со сите сфери на општеството, неопходно е да бидат јасно и прецизно дефинирани и доследно да бидат запазени од сите надлежни органи, начините и принципите во борба со ова општествено зло.

Воопшто нема да коментирам каква беше улогата и на кој начин во изминатиот период функционираше оваа институција. Дали одговори на предизвиците на времето и на кој начин, во согласност со позитивната законска регулатива придонесе во совладувањето на овие појави во создавање на цврсти и непристрасни институции во државата? И дали, институцијата Јавен обвинител на Република Македонија функционираше законите, врз принципите засновани со закон надвор од сите политички влијанија и притисоци?

Од напред изнесеното јасен е мојот став во врска со предлогот за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија. Но, во исто време повеќе од јасни се и очекувањата од институцијата Јавен обвинител на Република Македонија, како од моја страна, така и од страна на граѓаните на Република Македонија.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има г. Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денеска на дневен ред е точка - поведена е иницијатива за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија. Веќе на почетокот на дискусијата гледам дека има нејаснотии и прашања од некои колеиг пратеници за причините и за образложението поради кои е поведено ваква иницијатива. Исто така, редно е пред јавноста, бидејќи се работи за многу битна државна функција, да не остане премолчено, туку да се каже јавно и транспарентно, впрочем какви што се и заложбите на новата Влада, од кои прижини и со кои факти се поткрепува ваквата иницијатива.

Почитувани пратеници,

Темелна вредност на уставното уредување на Република Македонија е концептот на владеење на правото и принципот на законитоста. Република Македонија е уставно декларирана како правна држава. Секоја сериозна и демократска правна држава задолжително мора да обезбеди за своите граѓани и институции подеднаква примена и пожитување на законите и правниот поредок. Тоа е право и обврска на секој граѓанин поединечно, меѓутоа примарната улога во обезбедувањето и извршувањето на законите ја имаат демократските институции во оваа држава. Во Република Македонија, исто так, е воспоставен принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Со посебна нагласка дека овие власти се меѓусебно независни една од друга.

Еден од најзначајните органи во системот на власта, кој се грижи за законитоста и е директно предвиден во Уставот, е токму Јавното обвинителство. Според Уставот, Јавното обвинителство е дефинирано како единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичнио и други казниви дела, ги врши своите функции согласно Уставот и законите на Република Македонија. Согласно Законот за Јавното обвинителство, јавниот обвинител се грижи за навремено и ефикасно откривање на кривични дела, нивните сторители, поведување на кривична постапка во рамките на законот, презема мерки и активности заради правилно насочување на постапката, покренува и застапува обвиненија, изјавува редовни и вонредни правни средства и презема други дејствија предвидени со законот. Исто така, заради остварување на својата функција, јавниот обвинител е задолжен, во

соработка со органите за откривање и други надлежни органи на прогонот и правни лица да се грижи за преземање на мерки и активности за откривање на кривични дела како и други казниви дела и на нивните сторители.

Од изнесеното се гледаат ингеренциите и надлежностите на јавниот обвинител. Меѓутоа, после ова изнесено веднаш се поставува прашањето дали почитуваниот актуелен господин јавен обвинител, кого денеска треба да разрешиме, ги извршуваше своите функции согласно на она што го презентирав, а што е негова законска уставна обврска? Со оглед на тоа дека денеска е ставен како точка на дневен ред, би рекле дека не. Не ги извршуваше и тоа е причината поради која денеска дискутираме за ова.

Согласно член 4 од Законот за Јавното обвинителство функцијата на Јавното обвинителство ја врши јавниот обвинител на Република Македонија, јавните обвинители на вишото и јавните обвинители на Основните јавни обвинителства.

Да започнеме од самиот почеток на стапување на должност на јавниот обвинител, кој, само за илустрација, како една илустрација од која, како терк се препознава политиката на владеење на минатата власт на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, Јавниот обвинител во 1999 година е именуван на неговата функција на крајно незаконит начин и по незаконита постапка, односно без претходно објавување на конкурс и без претходно прибавени мислења од надлежните судски инстанци како што се: Републичкиот судски совет, Врховниот суд и останатите правосудни органи. А предлогот, тогаш, наместо од Владата, како што е по законот, дојде од тогашниот претседател на Владата госпоѓицата Доста Димовска.

Како доказ, бидејќи ќе има и такви реакции дека денешната иницијатива да се проговори за работата на јавниот обвинител не е случајна, односно дека за неа се даваат аргументи, а истата не е мотивирана од политички или други партиски причини или реваншизам, говори фактот дека уште во текот на 2000 година против почитуваниот обвинител од страна на СДСМ во ова Собрание беше поднесена интерпелација за неговата работа. Исто така, во врска со тогашната интерпелација фактите, помеѓу другото, беа следните: во врска со нерегуларноста на претседателските избори, јавниот обвинител сеуште и по истекот на скоро три години, сеуште држи одговор и објаснување зошто после толку време од кражбата на 15 илјади избирачки легитимации од подрачните единици на Министерството за правда во Гостовар и Тетово сеуште нема резултати и информации од истрагата и до каде е истрагата, дали е некој осомничен, обвинет, освен оние стандардни фрази и изјави дека стапката е процесуирана против непознат, замислете, непознат

сторител. Ова го кажувам како посебна напомена и како посебен парадокс бидејќи тогашниот министер за внатрешни работи г. Трајанов јавно, во средствата за јавно информирање изјави и обелодени дека сторителите на ова кривично дело се познати на органите на МВР. Каде е тогаш иницијативата на јавниот обвинител? Дали се останува на процесуирање и на фразата "непознат сторител"? Се поставува прашањето во чиј интерес, односно во врска со овој настан молчи јавниот обвнинител сеуште и дали со непреземање, внимавајте, со непревземање на соодветни дејствија од неговата надлежност, всушност и тој самиот не сторува кривично дело "со несторување"? Како прашање.

Тука треба, понатаму, да се придодаде и постапувањето на јавниот обвинител во врска со поднесените кривични пријави за сторени кривични дела против изборите и гласањето за време на претседателските избори. Имено, неприфатливи се образложенијата со кои се отфрлаата ваквите поднесени кривични пријави за кои се понудени во постапката и соодветни докази, дека не се работи воопшто за кривични дела што се гонат по службена должност, па во правните поуки на тие образложенија се упатува на подносителот на пријавите на преземање на кривичното гонење по приватни субсидиерни тужби. Замислете, според овие образложенија на јавните обвинителства испаѓа дека изборите се приватна работа и интересот на изборите е приватен интерес и личен интерес, па тие треба да се гонат по приватна тужба. Па, притоа, како дополнително појаснување треба да се има предвид фактот дека во Кривичнкиот законик никаде не стои таксативно дека таквите кривични дела се гонат по приватна тужба.

Исто така, што е многу симптоматично и апсурдно, во наведените образложенија се вели дека за лица кои во истрагата се утврдило и се идентификувани дека го прекршиле законот, значи неспорно е дека го прекршиле законот, не може да биде покренато обвинение против такви лица само затоа што, замислете, тие не живееле во соодветната општина каде што тие лица биле запишани во единствениот избирачки список. Па, зарем, сторувањето кривично дело е поврзано со местото на живеење односно со местото на запишување и гласање на тие лица во избирачкиот список? Тотален правен апсурд и нелогичност.

Исто така, една од работите, само накратко е и согласноста за пуштањето на тогаш притворениот Џавид Асани за четворица киднапирани војници на Армијата на Република Македонија, каде што јавниот обвинител во врска со овој случај јавно изјави, ова се негови зборови, дека тој дал согласност за таквата работа и исто така писмено ургирал до Основниот јавен обвинител на Скопје, Ѓорѓи

Настески. И притоа јавниот обвинител, во јавноста после овие негови настапи, настапи со образложение дека с# било според законот и повеќе никакво образложение не даде во врска со овој настан.

И, најмаркантното од се, аферата со прислушувањето. Овде, верувам дека се е кажано, меѓутоа верувајте ништо не е кажано и сеуште ништо не се знае. Тоа е најтрагично. Затоа, нема премногу да се задржувам во дискусија по оваа афера за прислушување, само ќе ви го поставам почитуван обвинителе, кој не сте денеска присутен на оваа седница, прашањето што верувам дека и секој граѓанин би требало и со право ви го поставувам, а тоа е до каде е работата со прислушувањето? Или пак на старите фрази дека постапката е процесуирана и повторно против непознат сторител.

Исто така, нема повеќе да прашувам за ова, бидејќи навистина е непријатно, вие не сте присутен на оваа седница, меѓутоа не е присутна опозицијата која тогаш партиски ве поддржа а која вие, за целиот ваш мандат место да работите по закон, ги застапувавте нејзините партиски интереси, а сега нив ги нема исто како и вас, да ве заштитат или да ве одбранат овде во Собранието.

Да застанеме тука со набројувањето и изнесувањето на пропусти, и неправилности во работата на јавниот обвинител. Меѓутоа, нагласувам дека бидејќи и само една од наведените причини е доволна да се побара одговорност, од јавниот обвинител, Собранието ќе мора, согласно силата на аргументите, на ваков начин да го повика на одговорност јавниот обвинител. Исто така, намерата на ваквата иницијатива, потенцирам, не е изнесување и злоупотреба за дневно политички цели и други случаи на вакви случаи во врска со работата на Обвинителството, ниту пак судски предмети или изјави поврзани со неговата работа, туку напротив, целта е, нагласувам, заложба е на институциите на власта во Република Македонија да се воспостави ред и правила на однесување на сите партиципиенти во власта, на сите институции во извршувањето на нивните функции. За сите подеднакво и за сите согласно законот. Санкционирање и повикување на одговорност на сите оние каде што постојат докази дека ги пречекориле своите законски овластувања, но и истовремено воспоставување, што е многу битно, на еден вид принцип на генерална превенција и заштита од вакви појави во иднина без разлика на тоа од кого се направени тие работи, кој во моментот се наоѓа на власт и кој од кого е избран или именуван. Значи, ништо повеќе, ништо помалку, туку едноставно доследно и строго применување на законот.

И на крајот, сосема на крајот, претпоставувам почитуван колега Џиков, дека вие доколку бевте присутен ќе дискутиравте во врска со ова прашање на оваа седница и ќе истакневте, верувам, во своја одбрана, претпоставувам дека сигурно има такви случаи, случаи каде што Вие правилно и законито сте работеле и постапиле. Меѓутоа, тоа што вие правилно сте работеле за едни случаи а за други не, не е ваше оправдување и тоа не може да ги покрие вашите грешки и вашата одговорност. Не може таквиот начин на работа и за Вас и за секого во иднина да претставува компензација за лошо извршената работа.

Од тие причини му предлагам на Собранието на денешната седница да донесе одлука за разрешување на јавниот обвинител од својата функција.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Кондарко.

Само да дадам појаснување за да не дојде до забуна, дека господинот јавен обвинител е поканет да присуствува на оваа седница од моја страна.

Збор бара г. Ивановн Љубисав.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Господинте претседателе, почитувани колеги,

Јас немам ама воопшто причини да го бранам овој јавен обвинител. До толку повеќе што и јас сум имал големи забелешки на неговата работа. Меѓутоа, јас сакам да ги бранам принципите, Уставот, законите, логичноста, а тоа е дека со секоја нова власт после конституирањето на власта, на Владата, на Парламентот, првата работа со која што се занимава ова Собрание, не во овој состав, во различните состави е смената на јавниот обвинител.

Ние имавме, исто така, прекрасен јавен обвинител до 1998 година. Меѓутоа, тој беше сменет вогласном на овие исти принципи од страна на тогашната власт и тоа на еден начин, еве, тука беше кажано, доста и незаконит, доста на сила итн. Тоа се направи некаде и 1992-1994 година и не знам која уште година, тоа значи дека секоја власт си бира свој обвинител, барем така се стекнува впечаток. Според тоа, ова Собрание треба со тој проблем и со таа појава сериозно да се позанимава.

Прво, треба да се изградат критериуми како треба да изгледа јавниот обвинител, човек од кариера, професионалец, стручњак, докажан во правната струка, независна личност и т.н. Понатаму, јавниот обвинител насекаде во светот го

предлага Владата. Нормално е и овде да го предлага, да предлага да се избере, ама да се избере доживотно, како што се прави во светот и да се смени тогаш кога ќе направи големи злоупотреби. Гледаме во тие демократски земји во светот колку е самостоен јавниот обвинител. Имавме прилика на два - три пати јавните обвинители во Америка да поднесуваат пријави и против претседателите на државата кои имаат огромна моќ и власт. Значи, ако овде некој рече адвокати, јас велам тие се практично претставници на народ, тие го штитат законот, тие подеднакво исто се однесуваат кон сите граѓани во државата, па и кон тие што се на влст и тие што се во позиција, опозиција и т.н..

Кои се начините и формите ние да ставиме крај на оваа појава. ако постои угледен и авторитативен човек во таа институција, да се спречи таа нова власт да го менува без причина. Инаку, вака се стекнува лош впечаток, не само сега на оваа Влада, туку и на многу влади кои поминаа, дека практично си донесоа свои луѓе на тие места,  себе да се заштитат. За да го избегнеме тој и таков впечаток, треба да видиме што треба да се направи. Ние не треба ништо да измислиме, туку да го копираме развиениот свет кој таа болестс ја преболувал и така да ставиме крај на оваа лакрдија. Инаку, ако земете вака, за секој човек, за секој судија, за секој заменик обвинител или обвинител може да му се накитат многу работи. Можеби и сето ова е точно. Меѓутоа, не ми е прифатлива тезата за тоа што СДСМ покренал таква и таква иницијатива кога бил во опозиција, па не е спроведена. Останатите наводи имаат своја основа, меѓутоа, тие мора да бидат и многу поаргументирани и многу подокажани и многу пореални и пообјективни, за да се стекне впечаток во јавноста дека тука законито се работи и нема елементи на реваншизам, на политиканство, наметнување на сила, власт и т.н. Инаку, не ми е целта д го бранам обвинителот, целта ми е ако можеме да го вратиме угледот на таа институција.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Иванов.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои 70 за, 2 воздржано и 3 против.

Констатирам дека господинот Ставре Џиков е разрешен од функцијата јавен обвинител на Република Македонија.

На господинот Ставре Џиков му благодарам за досегашната работа и му посакувам успех во натамошниот живот.

Преминуваме на ***Седмата точка од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје И - Скопје***.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Се работи за Предлогот за разрешување на господинот Димитар Адамов од функцијата поради исполнување на услови за старосна пензија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Димитар Адамов од функцијата судија на Основниот суд Скопје И - Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 68 пратеници и сите гласаа за разрешување на Димитар Адамов.

Констатирам дека господинот Димитар Адамов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд Скопје 1- Скопје заради исполнување на услови за старосна пензија.

На господинот Адамов му благодарам од името на сите нас за досегашната работа и му посакуваме ујспешни пензионерски денови.

Преминуваме на ***Осмата точка од дневниот ред - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.***

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници, почитуван претседателе на Судскиот совет, почитувани претставници на Владата,

Од името на Пратеничката група на ЛДП би сакал да кажам неколку зборови во врска со оваа точка на дневниот ред.

Имено, пратеничката група на ЛДП внимателно го проучи предлогот од Судскиот совет за разрешување на судија на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје, како и одговорот на предлогот за разрешување. Така, во предлогот меѓу другото се наведува дека основната причина за разрешување е нестручно и несовесно вршење

на судиската функција. Во овој контекст се наведува и дека одредени решенија биле донесени и од претседателот на Стечајниот совет, соодветниот судија, а не од Советот, за што и во предлогот, а и во одговорот односно приговорот на дописот од судијата кој што се разрешува е наведено дека тоа е веќе воспоставена судска практика и дека сите наши сознанија, на околу 40 судии кои ги водат постапките на стечајот постапуваат на овој начин и дека се подготвени, доколку тоа е така, да се дели судбината и со останатите судии.

Исто така, во врска со ова нестручно и несовесно вршење на судската функција, од она што можевме да го видиме, се работи за судија чиј што број на потврдени предмети по жалба е околу 95% и за судија кој што добил низа меѓународни признанија и кои што и од самиот судски совет во еден дел е констатирано дека се работи за искусен судија кој што шест години ги води овие предмети и да ги набројувам сите овие признанија и награди, дека и меѓународните институции и оддале признание за вршење на судската функција, но и домашните организации и како таква таа судика била повикана на низа меѓународни усовршувања, каде што исто така добила многу добри односно поволни оценки.

На крајот би сакал уште нешто да укажам. Овде се наведени некои предмети односно решенија донесени доста одамна, па се поставува прашање зошто токму сега, односно зошто толку доцна е поведена таа постапка, бидејќи според нашите сознанија овој судија претходно бил распореден, условно да речам со казнена мерка, односно прераспореден од предметите во врска со стечајот на прекршочните предмети, односно станала судија за прекршоци, за да потоа биде поведена оваа постапка.

Од овие причини, изразуваме резерва за овој предлог и нема да гласаме, односно пратеничката група на ЛДП не го поддржува предлогот на Републичкиот судски совет, со сиот респект кон оваа институција, бидејќи од самиот предлог како предлог не гледаме доволно аргументација за нестручноста и несовесноста.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Збор бара господинот претседател на Републичкиот судски совет господинот Јордан Дескоски, во својство на предлагач.

**ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:**

Господине претседателе, дамио и господа пратеници,

Во однос на разрешувањето од судиската функција, Судскиот совет има став, а и од законите произлегува дека може да се дискутира само на затворена седница. Тоа е само заради сочувување на авторитетот на судијата за кои се бара разрешување. На јавна седница не може да се расправа. Тоа го наведуваме и во текстот. Ако почнеме да кажуваме за судиите што правеле, ние немаме судии. Ние мораме судството да го чуваме и да го браниме и да внимаваме на неговиот авторитет. Ако сакаме да дискутираме што сториле двајцата судии, госпоѓата Маја Малахова и господинот Сашко Лазаров од Велес, тогаш седницата треба да биде затворена.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Дескоски, Собранието на Македонија по Устав е надлежно да одлучува за именување и разрешување на отворени седници. Тука немаме тајни. Ако мислите дека има потреба да образложите, повелете, можете сосема отворено да зборувате.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Бидејќи се изразува едка скепса во врска со предлогот на Судскиот совет за разрешување на еден судија и претседателот на Судскиот совет вели дека има аргументи, сигурно има аргументи зошто е разрешен. Вие многу добро објаснивте, меѓутоа, сепак сметам, иако судиите се обидуваат да бидат независни, мислам дека на транспарентен начин треба да разговараме за прекршувањата на законите кои ги прават самите судии. Кога ние сами сме транспаренти за нашата работа и Влада, мислам дека и за судиите треба да се говори на транспарентен начин и за прекршување на законот од нивна страна. Мислам дека преку една транспарентна дебата во врска со овие прашања ќе влијаеме врз зајакнувањето на судскиот систем. Значи, доколку има некои аргументи, нека ги каже тука.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Дескоски бара збор.

**ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:**

Ако може да образложам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Дескоски, ако сакате да образложите, нема никакви деловнички и уставни проблеми да дискутирате, затоа што седницата не е затворена за јавноста и за оваа точка не се предвидува затворање за јавноста. Можете слободно да зборувате.

**ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Судијата Маја Малахова постапувала како судија поединец за донесување на одлука за ставање на претпријатијата во стечај. 25 пертпријатија се пратени во стечај само со нејзина одлука. Наспроти тоа, во законот е предвидено да одлучува совет од тројца судии. Кои се причините што го правела тоа, која & била целта, тоа е работа на обвинителството. Добро е таа работа да помине само со разрешување.

Меѓутоа, да ви објаснам. Нејзината одбрана беше, процедурата, постапката е спроведена во целина. До крај сите права & се дадени да се изјасни. Таа објаснува, неработев само јас така, работеа и другите. Тоа не е оправдување, меѓутоа, нас не интересираше и другите како работеле. Во цела Македонија, пред сите судови каде се водат стечајни постапки, тоа е во оние судови од поголема надлежност каде се одлучува и за стопански предмети, веќе е проверено и констатирано дека таква работа нема. И ако имало, имало во еден или два случаи, таму каде што претпријатие нема никаков имот, во практиката тоа го викаат “отвори - затвори”. Ние не најдовме такви случаи. Ако најдевме, и против нив ќе поведевме постаспка. Никому милост не му даваме, никого не го ставаме на црна листа. Тоа што е пренесена во судија за прекршоци, тоа е затоа што ние немаме право да ја суспендираме и понатаму да прави такви грешки. Имаме право да донесеме одлука за суспендирање само ако ни предложи општата седница на Врховниот суд. Таков предлог ние немавме и затоа самиот суд, Основниот суд Скопје ИИ - Скопје ја префрли на прекршоци. Дали ќе толерираме судии кои не го почитуваат законот? 25 претпријатија се ставени во стечај без совет од тројца судии. Ако ова не е аргумент, јас незнам што е аргумент. Не смееме да дозволуваме злоупотреба на судиската функција.

Дами и господа, мислам дека доволно образложив зошто е даден предлог за разрешување од судиската функција.

Господине претседателе, ви благодарам и на вас што ме ислушавте.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Кондарко Борис..

**БОРИС КОНДАРКО:**

Во врска со излагањето на претседателот на Републичкиот судски совет, само една принципиелна напомена. Бидејќи се работи за специфична материја од правото, стечај, се работи за стечаен судија, значи стопанска постапка, мислам дека во овој период кога се работи за еден процес на транзиција во РМ, кога има повеќе од вообичаено вакви случаи на постапки кои се водат против односно за одредени стопански субјекти во РМ, сепак напоменувам принципиелно пред ова Собрание, во смисла на воспоставување на одреден механизам и ред и при изнесувањето на аргументите кои се неопходни да се образложат во една ваква ситуација, кога на дневен ред е разрешување на судија, мислам дека е коректно и мислам дека е задолжително и битно од страна на предлагачот Републички судски совет да се понудат поконкретни образложенија, бидејќи потсетувам во самиот предлог за разрешување, во образложението стои дека е прибавено мислење и Републичкиот судски совет го земал предвид тоа мислење, кое е негативно и од судиите од Основниот суд Скопје ИИ - Скопје каде што е судија споменатата госпоѓа и од Врховниот суд на Република Македонија.

Бидејќи работиме јавно и транспарентно, во интерес на вистината и во интерес на сите оние постапки кои евентуално понатаму ќе се водат за вакви случаи, затоа што да не се доведеме во ситуација неоправдано и неаргументирано да го нарушуваме интегритетот и авторитетот на судиите воопшто.

Затоа да не се доведуваме до ситуација неаргументирано да го нарушуваме интегритетот на судот, воопшто во вакви ситуации мислам дека е во ред Републичкиот судски совет да даде поконкретни образложенија односно да ги изнесе ставовите содржани во доставените мислења од Основниот суд Скопје 2 односно од Врховниот суд, како би можеле ние да имаме како пратеници надлежни за разрешување и именување на судии што повеќе аргументи, а исто така тие аргументи да бидат достапни на јавноста во врска и со конкретниот случај и за сите случаи што ќе следат понатаму. Значи, без да навлегуваме во некоја, ние како пратеници, истрага, условно речено, или некои други дискусии кои се поврзани со стручниот дел на работата бидејќи ние за тоа немаме право, предлагам господинот

Десковски во име на предлагачот да образложи дополнително на оваа седница ваквиот негов предлог. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Јордан Дескоски, претседател на Републичкиот судски совет.

ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во писмениот предлог е наведено односно сите аргументи се наведени и наведено е дека Врховниот суд исто така зазема став да биде утврден предлог за разрешување од судиската функција Маја Малахова. Исто е и од Основниот суд Скопје 2. Ние неможеме, во текстот е детално наведено кои се тие предмети, суштината е таа, таа работела сама како судија, како што сакала така работела, а не како совет од тројца судии. Неможеме односно немаме друга аргументација, а наведени се сите предмети по кои таа постапувала како судија поединец, а трабало да се постапува како совет од тројца судии. Немам што друго да објаснам и Врховниот суд утврдува мислење дека треба да биде разрешена од судската функција. Нас многу ни значи мислењето на Врховниот суд. Врховниот суд е најстручниот суд во Републиката и немам што повеќе да ви образложувам. Толку можам да кажам, а од писмениот извештај сте прочитале кои се тие предмети и кои се тие претпријатија.

Само да напоменам, ако се сеќавате пред два три дена во Газела кога викаа да тоа дојде Маја Малахова што го стави во стечај претпријатието Газела. Тогаш против неа, се употребуваа многу погрдни зборови и слично. Заштитата на судиите е наша грижа,тоа е прво, а после е тоа разрешување. Меѓутоа, овде не можеме да појдеме на заштита, туку мораме да појдеме на заштита на човекот, на граѓанинот, на претпријатијата, на судската функција. Добро е што господинот Кондарко го постави ова прашање, баш е добро за расчистување на оваа ситуација и нему му благодарам. Ви благодарам на сите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Влада, поводот за моето излегување на говорницата, не е навистина да учествувам во полемиката дали треба да се разреши предложениот судија, туку пред се начинот на кој што ја

почнавме расправата. Без сомнение дека Собранието е компетентно, бидејќи така пишува во Уставот да ги избира и разрешува судиите, меѓутоа ако ние поведеме постапка како Собрание односно ако се впуштиме во оценка на сите констатации и оценки на Републичкиот судски совет, јас не се чуствувам доволно информиран да можам да арбитрирам како пратеник во ова Собрание. Тоа во смисла согласно 105 од Уставот, Републичкиот судски совет, покрај другото, ја оценува стручноста на судиите во вршењето на нивната функција. Оспорувањето на предлогот на Републичкиот судски совет значи оспорувањето, би рекол, пред се на компетентноста на Републичкиот судски совет. Бидејќи ние како Собрание не располагаме со сите детали со кои што располага Републичкиот судски совет. Впрочем тој по _Уставот е задолжен и да води грижа за стррручноста, совесноста во работењето на судската функција. И, доколку, мислам не се согласуваме со оценките на Републичкиот судски совет, јас мислам дека би било чесно од нас како пратеници, поентата на разрешувањето на судиите, впрочем понатаму ќе видиме и за други судии, да се стави врз Републичкиот судски совет. Имено, или ја признаваме или не ја признаваме стручноста и компетентноста на оваа институција. За да градиме институти, односно да градиме како пратеници, како граѓани однос кон институциите, пред се однос на почитување на институциите, треба да им веруваме на институциите.

Веднаш морам да кажам на вака компониран Републички судски совет како многу значајна институција не им верувам. Не верувам на Републичкикот судски совет. И за она што ни го предлага за разрешување,па ако сакате и она што ќе го предлага за избор на судиите. Бидејќи таму, се сеќаваат оние кои беа пратеници од претходниот состав, а претпоставувам и граѓаните, има членови на Републичкиот судски совет кои што се партиски војници. Потпретседателот на Собранието, еден од највлијателните членови на ВМРО-ДПМНЕ и покрај силно инсиситирање на тогашната опозиција, Собранието најде за сходно и да го избере за член на Републичкиот судски совет. Тој овде пред сите нас кажа па добро ако се промени власта, јас треба да си одам. Власта се промени, но тој не си замина. Тој и натаму остана член на Републичкиот судски совет. Во составот на Републичкиот судски совет, исто така, една Благородна Дуљиќ е експониран партиски војник на ВМРО-ДПМНЕ. Што и да одлучуваат како и да гласаат, ова Собрание неможе да верува.

Затоа, поводот практично за ова мое јавување е дискусијата по однос на предлогот за разрешување на овој судија, бидејќи натаму веќе има и други предлози, јас би сакал навистина да предложам Собранието да предложи

односно да избере нов состав на Републичкиот судски совет. Сега имаме, впрочем, и нова правна состојба, Собранието го измени ставот 2 на овој член со амандман во кој што конституира обврска тројца членови на Републичкиот судски совет, како што стои овде во член 104, амандман 14 "тројца од членовите се избираат од мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на задниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Мислам дека ова не е во колизија со претходната одредба на Уставот, во која што говори дека "мандатот на членовите на Републичкиот судски совет трае 6 години со право на уште еден мандат".

Според тоа сметам дека мораме да покренеме постапка согласно Уставот, бидејќи оваа уставна одредба би биле безпредметна, неприменлива доколку се продолжи да трае мандатот, а ние не реагираме врз основа на новосоздадената правна ситуација со амандманот 14, со кој практично се менува или се дополнува ставот 2 од член 104 на Уставот.

Второ, што сакам да потенцирам, со целиот респект на сите овде наведени аргументи што беа искажани и кои што ги имаме во образложението, јас не сакам да учествувам во расправа за дисквалификација , ако сакате или квалификација на судија. Не заради друго, туку поради заштитата на интегритетот морален ако сакате и правен интегритет, бидејќи ако ние овде изнесеме таква оценка за судиите, односно да прифатиме таква оценка од Републичкиот судски совет, тогаш бидете сигурни дека во понатамошниот развој, затоа што секој човек природно треба да си одговара за своите постапки, но ако изнесуваме генерална оценка за еден судија дека е нестручен дури и други квалификации овде,не верувам дека ќе биде употреблива за некоја јавна функција за вршењето функции во односот со контактите со граѓаните. Мислам дека не располагаме со доволна оценка за тоа како пратеници да се впуштиме во оценката на стручноста и компетентноста на судијата. Или ќе веруваме или не веруваме во Републичкиот судски совет. Од она што го кажав пред малку, едноставно сакам да ја повторам оценката на овој состав на Републички судски совет, јас неможам да му верувам од причините што ги изнесов во својата дискусија. Блгодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Дескоски се јави во својство на предлагач.

ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас неможам да дискутирам за прашањето дали треба нов судски совет или истиот судски совет, дали ќе се избере или нема да се избере. Не е точката на дневен ред, тоа. Меѓутоа, веднаш сакам да кажам дека господинот Томислав Стојановски, кој беше потпретседател на ова Собрание нема учествувано во оваа постапка ни за еден од овие судии. Благородна Дулиќ учествува веќе три години и таа е конструктивна. Како постапувала во изборите, незнам, но морам на ова Собрание да му кажам тоа што ми лежи на душа и на тоа што сум се спротивставувал на онаа власт што помина. А, Уставот не дозволува судиите да учествуваат во избори , ние ги ставаме судиите да учествуваат во изборите. Уставот не дозволува, Законот дозволува. Ние тоа што го добиваме со Устав, го губиме со закон. Сега, ако ги ставиме судиите во избори, па овој закон за избори по паритетот, судот од редот на судиите по двајца од тие поголеми партии, тоа е уште поголема партизација , поголемо политизирање на судиите. Ние сами правиме партизација на судството. Дами и господа, со самото тоа што ги изира судиите Парламентот е избор на судии од коалиција, не е избор на нив. Коалицијата решава, коалицијата избира. Воо 1996 година ги избра судиите една коалиција, а во 1998 година ги избра друга коалиција. Имајте предвид дека од 27 основни судии, 16 избра таа коалиција која помина од претходното Собрание. Дали ние ќе работиме или нема да работиме, дали ние ќе правиме независно судство или ќе останеме таму каде што што сме биле. По хрватскиот закон ги избира судскиот совет, а при приговор решава Собранието. Тогаш судиите се независни. Ако судиите одлучуваат во име на граѓаните, тогаш треба да одлучува целиот Парламент за тоа и да донесе одлука дека е избран. Ако е избран само од коалицијата, а овие судии се судии избрани од една коалиција и од друга коалиција. Сега, кога некој ќе ве избере, вие имате обврска спрема него. Кога некој ќе ве стави во избори, ако може да се помогне, ќе му дадете привилегии, многу ме боли што некои се привилегирани. Јас сум бил поставен како адвокат во изборна комисија, не учествував, бидејќи бев претседател на Адвокатска комора. Не може претседател на Адвокатска комора да учествува во избори, ниту пак судија смее да учествува во избори. Затоа, прво, ние треба да се ослободиме од партизацијата во законите и во самото решавање а ние судиите неможеме да им кажеме дали е наклонет на оваа партија или на онаа партија. Во примената на правото тој е независен и тоа би било суштествено.

По однос на ова прашање кое што беше поставено, уште еднаш укажувам дека Томислав Стојановски, колегата сега што е  констртуктивен. Тој овде на Парламентот, јас гледав, како да имаше некоја нервоза. Во Судскиот совет тој е објективен. Еве, сите членови  не ги третира од која партија се. Јас бев член на Законодавно-правната комисија и знам дека ја водеше сосема солидно и принципиелно.  А, овде во Парламентот јас гледав создсаваше нервози. Овде во овој случај не учествувал и во овие предлози не учествувал, учествувала Благородна Дуљиќ која неможе да биде суспендирана, затоа што по закон биле поставени во избори.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има пријавено луѓе кои веќе дискутирале. Дали некој од нив има реплика?

Господинот Тито  Петковски е прв за реплика и има три минути.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ова  што господинот Дескоски го изнесе сигурно е за респект и треба да создадеме уставни претопоставки  за независно судство, тоа да тргне практично уште од предлогот кој што го дава Републичкиот судски совет. Мојата заложба е токму во оваа точка. Овој состав на Републички судски совет да си оди, а ова Собран ие да избере луѓе, како што вели Уставот, докажани правници во својата струка со морални скрупули, луѓе кои се докажани по својата стручност и компетентност, меѓутоа луѓе кои не се докажани поради својата партиска припадност или партиска лојалност. Значи ако сакаме да создадеме институција за респект со кредибилитет на која што ќе и веруваат од сите политички партии и оние што не се во политички партии, ќе оди човек кој што не е партиски претпознатлив. Инаку, да се говори човекот кој што отиде како претставник на партијата во Републичкиот судски совет, а таму да се однесува  доста објективно, мислам дека тешко може да се поверува. Бидејќи сите добро си го знаеме господинот Стојановски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот  Замир Дика за господинот Петковски.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам претседателе, и почитувани пратеници, времето за реплика сакам да го искористам дека не сакам да му верувам на овој состав на РСС, самиот збор “не  му верувам”, значи се определува внатрешната тенденција, што значи му верувам на она што јас ќе го изберам. Имам едно стравување, значи да избереме еден нов состав на РСС на кој ние му веруваме или пак Владата му верува, тоа не е ништо ново, јас би го разбрал сето ова доколку се инсистира од пратениците, на тие

што ја познаваат правната структура да инсистираат на вакво нешто што ќе овозможи избор на компетентни судии, професионални судии на Републичкиот судски совет. Но, познто е дека со Уставот му е доделено или пак му е дадено право на Парламентот, Парламентот да го избира тој совет и политичката конотација ја има во однос на реизборен нов состав, доколку ние инсистираме и опозицијата и позицијата да имаат механизам да се убедат едни со други, да постигнеме еден вид конензус, членовите на еден многу важен орган да бидат компетентни и професионални. Тоа е првото.

Второто, ние често пати не сме имале дебата за предлозите на РСС, особено кога станува збор за именувања или разрешувања.

Без оглед од каква причина, дали е тоа за пензионирање и т.н., но треба да изградиме едне навистина независен правен систем и ние како пратеници треба да дебатираме ког асе разрешува некој судија, поради одговорноста на тој. Познато е дке анашето вреднување и на други судски инстанци дека нашата судска инстанца е на многу ниско ниво и затоа, ние за да го подобриме имиџот на овој судски совет, за да стане независен, би требало да разговараме, со една единствена цел да не изразуваме недоверба по однос на членовите на Советот. Јас не сум некој посебен експерт од областа н аправото, но, кога станува збор за 25 индивидуи, што се однесува до членовите на судскиот совет, значи, кога станува збор за создавање на стечај, мислам дека тука постои еден сомнеж , а всушност, кај мене се создава еден сомнеж во врска со сето ова што досега е кажано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Тито Петковски има реплика.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас доста прецизно реков не можам да му верувам на овој состав на судски совет , поради присуство во составот на двајца судии и кажав по име и презиме.

Според тоа, јас не го дисквалификував целиот состав на Републичкиот судски совет. Ќе поверувам на судскиот совет откао и овие двајца нема да бидат партиски војници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со дебата.

Има збор г-динот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Му благодарам на г-динот Дескоски што ме пофали дека е добро што сум го отворил ова прашање, меѓутоа, јас нема него да го пофалам, не него лично, д ане бидам погрешно сватен, туку како претводник на значајн функција во целина. Бидејки во својата дискусија г-динот Десковски потврди и со тоа покажа дека е дконтрадикторен, бидејки принципите за кои тој се залагаше и тој ги промовираше се токму обратното, односно токму тие принципи не достасуваат сега во работата на постојниот судски совет. Тоа се всушност, најголемите аргументи заради кои ние изразуваме недоверба кон работата, односно кон поединци што таму седат во составот на судскиот совет. Исто така, многу е лошо то г-динот Дескоски наместо да одговори на барањето и мојот предлог, тоа беше Републичкиот судски своет до крај да ги отвори картите за да се образложат, да се видат писмените мислења од судскит еинстанци врз основа на кои Републичкиот судски совет одлучува и врз основа на кој го дава денешниот предлог, г-динот Десковски навлезе во чиста политика и тоа бранејки во дирекна одбран ана одредени партиски членови во тој Републички судски совет. нема потреба тој да ги брани затоа што ние добро знаеме која е  Благородна Дулиќ и ако не знаеме што прави во Републичкиот судски совет, јавноста добро знае Што правеше на претседателските избори. Исто така, не знаеме што прави далавера таму во Републичкиот судски совет, меѓутоа, знаеме што правеШе тој во ова Собрание до пред неколку месеци. Впрочем, недопуштено е претставник на вакви институции да говори за механизмите на избор на судија. Прво , тоа не е негова надлежност, а второ, тие механизми се со Уставот утврдени и за тоа треба да се води посебна дебата и ние треба тие механизми сега  да ги спроведуваме и да ги почитуваме принципиелно врз основа на аргументи. И да напоменам ние тука не ги дескредитираме судиите. Дали некој судија ќе биде дискредитиран, или ќе работи на изградба на својот авторитет и професионален углед, пред се зависи од неговата личност и од него самиот и од неговата работа. А нивната работа како и на сите овде нас ни е јасна и зато атреба јавно да проговориме. Затоа ве молам принципиелно , независно од тоа кој ќе биде исходот од гласањето да ги изнесеме аргументите, а должен за тоа е составот на Републичкиот судски совет, бидејќи овде се работи за формулации кои не даваат конкретни појаснувања за нестручноста, односно несовесноста, а таквите појаснувања верувам се содржани во доставените мислења од Основнито суд Скопје 2 и од Врховниот суд на Република Макеоднија, бидејки ако продолжиме

понатаму вака навлегуваме во затворениот круг кој веќе провејува во дискусиите со кои е искажана недоверба на работата на Републичкиот судски совет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Кндарко и ќе ве замолам имињата што се спомнуваат да ги кажуваме, како што се. Сите генерално би Ве замолил да не дозволиме полека ама сигурно да се отргнеме од точката што е на дневен ред, а тоа е Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје 2-Скопје, да не преминеме во друга тема. Тоа е се однесува генерално за сите како моја замолница.

Има збор г-динот Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Еве колку малку треба еден случај , едно разрешување на судија , па да се започне и да се отворат големите проблеми во судството во Република Македонија и тоа како резултат на партизација, како резултат на многу напластени проблеми воопшто во судството. И јасно е дека се наметнува прашањето дека судството треба да  доживее големи реформи. Ние и при разреување на јавниот обвинител, јас се обидов во та анасока да зборувам, не се работи овде за еден, два или три случаја, судството е обременето со огромни проблеми. Судството е практично испуштено. Ние имаме случаи претседатели на судии да земаат предмети во ташна и да гиносат во поголемите судови и таму да ги темпираат судските своети како да одлучуваат.

Имаме судии кои воопшто не постапуваат према упатството на повисоките судови. На Апелациониот суд, на Врховниот суд. Имаме судии кои се поврзани , еве денеска и печатот пишува со поедини субјекти во државата и т.н. Според тоа, ако ние навистина, не избереме квалитетни луѓе, способни, партиски не врзани и ако навистина на тоа судство не му обезбедиме независно финансирање, ако навистина не обезбедиме судиите  да одлучуваат према законите, а не према притисоците на тие што се на власта, ако навистина тоа судство не го осамостоиме, тогаш ќе имаме состојби не прекинато на корумпирано судство, состојби на незадоволство во судството, состојби на недоверба во судството, состојби на нефункционирање на правната држава, а тоа е главната причина ние да неможеме да се интегрираме во Европа.

Според тоа, еве полека но сигурно се отвораат процеси овде и јавноста и нас сите веќе ни е јасно во која насока сакаме да ги разрешуваме тие проблеми тука во Парламентот. Ова е крупна работа. Ние мроа да се освестиме и да престанеме едно насочно да размислуваме. Ако то ане го направиме. Со тоа што ќе разрешиме овој

или оној судија често пати мотивирани од многу други причини отколку од правни ние и како Парламент го губиме и својот углед и морален кредибилитет и така полека ние влегуваме во игри кои се многу опасни. Затоа, мислам дкеа треба што побрзо да се спроведат реформи во судството. Многу е тешко денеска човек да се определи дали да гласа или да не гласа за некое разрешување. Не може да се определи затоа што ако тој судија так ане законски работел, тогаш зошто повисокиот суд тоа не го спречи. Тоаг зошто уште повисокиот со своиодлуки тоа не го оневозможи. Каде е крајот на сите тие игри. Дајте да се ослободиме, да направиме правна држава и таа правна држава прво да функционира.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Љубисав Иванов.

Има збор г-динот Жерновски процедурално.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Би Ве замолил да се држиме кон точката на дневниот ред. Еве веќе слушаме дискусии за состојбата на судството во Македонија. Имаме точка од дневен ред која што гласи Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје. Така што би Ве замолил да не дозволите во дискусија која ќе не одведе во друга насока.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Жерновски и јас имам впечаток дке апоследните 4-5 дискусии се отргнаа од точката на дневниот ред и дозволете, ако отсега натаму се отргнуваме од точката на дневниот ред да Ви посочам дека не сте на темата.

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ви благодарам г-дине претседателе, пред да говорам моит еколеги тука ми укажаа до колку да работиме денес, затоа што знаете дека утре е празник Бајрам и затоа треба да имате предвид.

Денеска отворивме дебата, предлог кој што доаѓа од Судскиот совет за разрешување на наведените судови, еден од Основниот суд во Скопје и потоа имаме од Општина Велес со аргументи, кои се веродостојни од смиот Судски совет, кој ние треба да ги процениме како сака да ги прифати даликако позитивни или негативни. Како и да е треба да се говори за еден феномен, појава која веќе опстојува подолго време во РМ и во самиот Парламент на Република Макеоднија за именување и разрешување на судиите. Знаете од секогаш имало предлози од Судскиот совет, кои биле подржани, или одбиени од Парламентот или од

пратениците. Но овој пат предлозите кои доаѓаат од Судскиот совет не гледам дека се потполни, тие се парцијални, со тоа што ни укажуваат на нас пратениците , еве говорам во мое име, дека овде сигурно се крие нешто зад ова прашање, зад овој предлог за разреување. Во оваа насока се согласувам со сите пратеници кои говореа пред мене и кои рекоа дека информациите коидоаѓаат од Судскиот совет се парцијални, половични и дека треба по детални и поцелосни информации за тоа кои се грешките, која е вината на судијата или на судиите за кои се дебатира.

Во оваа насока, би сакал да начнам една друга тема. Вие знаете дека Судскиот совет се избира од Парламентот на Република Македонија и тоа со мнозинство гласови. Исто така овој Судски совет и денденес, не говорам за сите членови на судскиот совет, туку за одредени членови, кои навистина имаат квалитети, кои имаат добар квалитет и кои се докажале во нивната досегашна работа и можат да одлучуваат на праведен начин за овој Судски совет. Меѓутоа, во овој Судски совет има членови со сомнително минато во политичка смисла, политички гледаат на прашањата и воопшто не се занимаваат на вистински начин со случајот кој го разгледуваат. Во таа насока тука отворено сакам да кажам дека не може целосно да му верувам на Судскиот совет за сите информации коиги дава за судијата и другите судии за кои говориме, затоа што не можам да ги прифатам квалификациите кои ги дава Судскиот совет за овие судии, кога знам дека во самиот Судски совет или во дел од Судскиот совет е неквалификуван и не заслужува да дава оценки за судиите кои што се избрани и сега треба да се разрешуваат. За тоа јас не сум правник и не ја знам таа област и не можам да одлучувам. Меѓутоа, не можам да одлучувам за една информација од неколку реда да обвинуваме луѓе и да се поигруваме со интегритетот на луѓето кои што се избрани од овој Парламент, затоа што и јас сум тој пратеник кој сум избран за овојмандат и јас сум гласал во поранешниот мандат за овие судии, како и за другите судии кои сега се предлагаат да бидат разрешувани. Меѓутоа, јас сум пратеник и во претходниот мандат кој гласав против изборот на овој Судски совет, бидејки сметав дека не квалитетно ја извршува задачата која му се налага од стран ана Парламентот. Не би сакал да навлегувам дали некој е виновен или не, но за ова постои Првостепениот, Второстепениот суд, Врховниот суд и т.н. Затоа доколку некој судија направил некоја грешка во Првиот степен, тогаш тоа се исправа од Вториот степен или Третиот степен, а за тоа би сакал да кажам дек ааргументите кои се претставуваат тука не ги сметам за многу релевантни и не ги прифаќам како аргументи кои треба да се прифатат и кои може да им наштетат на одредени луЃе, како што е случајот денеска,

бидејки во изминатиотмандат имав случај кога Републичкиот судски совет даде предлог за разрешување на усдии. Сега јас прашувам сите тие пратеници кои беа пратеници во изминатиот мандат, денеска има многу малку од тие од поранешниот состав на Парламентот, како гласаа за разрешување на некои судии, без да ги имаат целосните информации и без ние да сме компетентни да ја оценуваме работата на судиите. Мислам дека многу малку пратеници се правници коиработат по правничките институции, кои можат да ја оценуваат работата на еден судија.

Мислам дека Судскиот совет е тој кој треба да решава за нивната работа, меѓутоа, Судски совет кој не би бил партиски, кој не би бил не квалификуван и правден судски совет.

Исто така, би сакал да истакнам и би се согласил со сите дискутанти коипред малку рекоа дека во судството треба да има реформи и дека преку тие реформи сигурно ќе се надминат некои тешкотии кои се појавуваат, односно кои се појавувале во минатото и денеска, посебно во однос на судскиот совет, затоа што неопходно е Република Македонија да создаде една институција која ќе биде независна, која ќе се обидува врз основа на информациите, врз основ ана спроведените анализи да се определи да избере луѓе, кои навистина чесно ќе ја извршуваат задачата која ја превземаат во име на народот, затоа што ние тука сме претставници на народот, ја претставуваме вољата на електроратот на народот кој гласаше за нас и ние тоа претставување го пренесуваме во другите институции како што е судската власт. Би сакал туак да предложам во најбрзо време да изнајдеме механизми и аргументи со кои ќе можеме судиите да ги именуваме и разрешуваме ние како пратеници , затоа што навистина најголем дел од пратениците не ја познават правната област. Тука треба да се изнајдат како што реков претходно методи, формула со што ќе се дојде до назначување на идните судии во судовите на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Во контекст на она почитуван претседателе што неколку пати се вративте да се држиме кон конкретната точка, гледам дека продолжуваме со општи констатации.

Јас би имал две прашања до претседателот на Републичкиот судски совет. Како прво незнам дали ни е познато дека до нас пратениците во Собранието на Република Македонија е доставен приговорот и од едниот и од вториот судија за кои

се предлага разрешување. Таму стојат некои сосема спротивни констатации од она што се наведува. Меѓутоа во интерес на времето навистина би бил многу конкретен.

Како прво, дали е точно дека предметниот судија за кој е поднесен предлог за разрешување во 1998, 1999,2000 и 2001 година била судија која има од 95 до 100% потврдени предмети. Бидејќи овде станува збор за прашањето за стручноста и за компетентноста, односно несовесноста во нејзиното работење.

Второ, што посебно ме интересира, исто така овде во приговорот што е доставен до нас предметниот судија се жали на постапката која ја водел Републикиот судски совет околу разрешувањето. Имено, дека ниту била запознаена, а со тоа било одземено правото да се произнесе и да ги даде нејзините аргументи. Тука дава дури и квалификација дека Републичкиот судски совет целата постапка ја водел спротивно на Законот за Републички судски совет. Навистина ме интересира дали се повредени основните права кои произлегуваат од Уставот и од законите, или не се и дали е точна онаа предната констатација.

ЈОРДАН ДЕСКОВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа, постапката е спазена во детали. Запознаени се со се. Повикани се на разговор и обавен е разговор со тие судии. Се изјасниле . Даден им е предлогот за поведување на постапка. Тие дадоа детален одговор на овој предлог. Конкретно за Маја Малакова. Нејзиното е дека оваа работа е неправилна. Но, не сум само јас, основно беше тоа. Одкога се утврди предлог за разрешување и кога Врховниот суд застана на страната на аргументите, бидејќи Врховниот суд ги знае предметите што се кај нив, ние утврдивме предлог за разрешување. Тој предлог го доставивме до судовите, за Маја Малакова во Скопје ИИ Скопје, а за Сашко Лазаров во Велес. Судот во Скопје имаше тешкотии да и го достави тој предлог бидејќи избегаваше, те боледување, те ова, те она. Ова јас не би требало да го кажувам за еден колега за судија но морам. И судот не известува за таа причина и ни вели: испратете го овој предлог со препорачано писмо и тоа со повратен рецепт. Го направивме тоа и еве го господине претседателе. Не мора да го поделиме. Се е процедурално. Знаете ли вие што значи тоа 25 претпријатија да одат под стечај а за тоа да одлучи еден судија. Без причина ли тоа се прави? Ако судиите се избираат на неодредено време мораат да има и одговорност и да престане тој либерализам и нестручност. Маја Малакова е стручна, туку нестручоста ја прави заради несовесноста. Ова морам да го кажам. Имаше многу дискусии во судскиот совет зошто стои нестручност и несовесност. Тие две мора да одат заедно.

Несовесноста ја покрива со нестручност, а не дека е нестручна. Зарем не знае Маја Малакова како се донесува одлука за претпријатие да биде ставено во стечај. А знаете ли кои се последиците? 300 последици има за тие луѓе. Секој ден имаме штрајкови. Ние се бориме за заштита на човекот, на граѓанинот, ние се бориме за судска функција. Меѓутоа овде провејува како да е малку кажано, 25 претпријатија сама ги ставила во стечај, а треба да ги става совет од тројца. И зборот беше во процедура. Точно во процедура ако има кој да постави барање да речеме жалба или ревизија по овие предмети, или заштита на законитоста. Меѓутоа прашање се тие работи кои предлага, кој го нарачува ставањето во стечај. Ние не сме полиција да ги испитуваме тие работи. Меѓутоа, не се одени сите по жалба. Тоа што се одени, се укинати. Меѓутоа, зошто го правиш тоа што дете знае. Знаете ли што Значи тоа. Нема човек во правото што не знае што е совет од тројца судии, не е поротници, судии. Сама да одлучува? И сега овде го ставаме во прашање разрешувањето. Па 100 пати да го одбие Парламентот овој предлог, 100 пати ќе го поставиме тоа прашање повторно овде. Ама не може ова судство да прави како што сака. Мора судиите да работат како што е предвидено по Законот.Сериозно е прашањето и бранењето на тие што не постапуваат по Законот е многу опасна работа. А партизацијата, тие работи се друга работа и да не одиме на страна. Извинете, јас малку се револтирам, ама се револтира и мојот помлад колега почитуваниот пратеник Тито Петковски кој ни е познат како човек кој решаваше во втора степен. И тој знае што е оваа работа. Тој е правник од практика по мое сфаќање.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Оигледно уште еднаш оваа дискусија покажа дека навистина треба да се поведе една постапка за промена и во Уставот каде што Републичкиот судски совет ќе биде некој државен судски совет на страна од вкупните партиски притисоци и влијанија. Сепак, би сакал да го искажам ставот на СДСМ, а тоа е дека ние ќе гласаме по предлогот за разрешување од функцијата судија на Основниот суд.

НИКОЛА ПОПОВСКИА:

Го заклучувам претресот по предлогот..

Предлогот за разрешување на госпоѓа Маја Малакова од функција судија на Основен суд Скопје 2 - Скопје го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 52, воздржани 6 и против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека Маја Малакова е разрешена од функција судија на Основниот суд Скопје 2 - Скопје.

Минуваме на точка 9 - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Велес.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Сашко Лазаров од функцијата судија на основниот суд во Велес го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 68 пратеници, воздржано 3 пратеника и против не гласал никој.

Констатирам дека господинот Сашко Лазаров е разрешен д функцијата судија на Основниот суд во Велес.

Предлагам пред да продолжиме со работа да имаме кратка пауза.

Ги молам координаторите на ДУИ, ДПА од ПДП ако можат да пристапат за краток договор до пултот.

(Кратка пауза).

Извинете за паузата, значи заради верските празници на оние кои се од исламската заедница денес ќе работиме до 15,15 часот, зависно од тоа некоја точка на половина се разбира нема да оставиме. Предлагам до тогаш да работиме без пауза со една кратка пауза од 15 минути што јас ќе ја одредам зависно од времето кога и после 15 и 15 часот ќе завршиме со работа заради верските празници на верниците од исламската заедница.

Предлагам да продолжиме, да не гласаме за овој предлог со оглед дека се работи за објективна ситуација.

Минуваме на точката 10 - Предлог за разрешување од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници.

Предлогот за разрешување ви е доставен.

Молам, претставникот на Владата кој туку што излезе од салата, да се вреати затоа што е претставник за точката. Повикајте ја госпоѓата Мери Младеновска веднаш да влезе во салата.

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Би го замолил претставникот на Владата да образложи поради кои причини се разрешува. Сакам да знам која е причината , за да во дискусијата не ја промашам темата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претставникот на Владата оценува по сопствено наоѓање дали ќе се јави за збор или не.

Има збор заменикот министер за правда госпоѓа Мери Младеновска.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во име на Владата ќе напоменам за неколку аргументи плус во однос на Предлогот за разрешување од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници, а причините ви се познати, бидејќи ги имате добиено во материјалот. Се работи за поведување на постапка поради нестручно и несовесно работење и пречекорување на овластувањата кои што директорот ги имал во своето работење согасно законските прописи, односно непридржување кон истите. Во рамките на работењето на Агенцијата за државни службеници не се почитувани законските прописи во однос на можностите и правата на вработените лица да полагаат испит за државни службеници. Па така постои еден список од 9 лица на кои што во Агенцијата им е овозможено да полагаат испит за државни службеници иако не ги исполнувале условите и не биле вработени во Агенцијата за државни службеници, а дури за една од лицата и тоа е лицето Ружица Гугуловска друго лице во нејзино име се јавило на полагање на испитот за државни службеници. Во останата аргументација би можела да напоменам дека и покрај ограничувањата за вработување во Агенцијата за државни службеници во моментов постои превработеност и тоа по основ на лични

пријателства, роднински односи и тн., значи надвор од оние критериуми и услови кои што се предвидени со закон, а исто така и нивните привелегии би рекла во смисла на платите што ги добиваат се далеку над платите кои што ги имаат другите државни службеници вработени во другите органи , а исто така предводени од директорот на Агенцијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Веднаш на почетокот да се изјаснам дека ќе гласам за предлогот за разрешување од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници од причини што пред да бидам избран за пратеник бев вработен во Министерството за одбрана каде имав увид и лично го осетив делувањето и на директорот на Агенцијата за државни службеници и работењето на самата Агенција. Имено, може да се каже дека Агенцијата работеше селективно па вработените, односно државните службеници беа доведени во една непристојна положба, односно Агенцијата за едни државни службеници да биде мајка, за други да биде маќеа. Сакам само да ви наведам дел од работите што се случуваа во Министерството за одбрана и спроведувањето на Законот за Агенцијата за државни службеници. Комисијата на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници во текот на изминатиот период покажа низа недоследности и нестручност при донесувањето на одлуките по повод поднесените приговори. При решавањето на приговорите на правата од работниот однос, а кои се однесуваат на прераспоредувањето на државните службеници во пониско звање од стекнатото Комисијата одби како неосновани 19 приговори на државни службеници по овој основ.

Денеска ние при состојба државните службеници се стекнале со соодветно звање со конечни решенија на министерот Комисијата на Агенцијата ги одбива приговорите за распоредување во пониско звање. Иако во Законот за државни службеници е децидно нагласено дека не е дозволено распоредување на државните службеници во пониско знање по автоматизам. Државниот службеник може да биде распореден на пониско звање од стекнатото само доколку во соодветно спроведена постапка биде оценет со оценка незадоволува. Во овој случај не е спорно дека не е спроведена постапка за годишно оценување.

На тој начин кршејќи го Законот за државни службеници Агенцијата и нејзината надлежна комисија предизвика исто толку судски спорови кои својот епилог го добија пред надлежните судови на територијата на Република Македонија. Пресудите, без исклучок, ги поништуваат решенијата донесени од Комисијата на Агенцијата како незаконити и го задолжуваат министерството да ги распореди државните службеници на работно место од кое биле на незаконит начин прераспоредени.

Со таквата постапка Агенцијата не само што предизвика револт во редовите на државните службеници, туку и исплата на судски и адвокатски трошоци кои паднаа на товар на Министерството односно на буџетските средства на Република Македонија. Овие незаконски постапки предизвикаа директни финансиски импликации во просечен износ од околу 500 евра по судски спор.

Како последица на правосилните судски пресуди со кои е задолжено Министерството да ги врати државните службеници на поранешните работни места и во стекнатото звање истите се стекнаа со право на исплата на разлика во плата помеѓу онаа која ја примале на работните места на кои незаконите биле распоредени и онаа која требало да ја примаат.

Како директна штета нанесена на државниот службеник со незаконито прераспоредување сеуште не може со сигурност да се утврди колкав е износот на финансиските средства кои Буџетот ќе треба да ги одвои за надоместување на овој вид штети со соодветна законска камата. Сето тоа би било избегнато доколку Агенцијата правовремено и законите ги спречеше незаконитите распоредувања. Но, за жал, истата настапуваше во функција на тесно партиски интереси наместо да ја зачува својата позиција на орган кој непристрасно се грижи за законитоста во областа на правата и обврските на државните службеници, за што е впрочем и формирана.

Тоа е евидентно ако се има во предвид дека сите овие случаеви се однесуваат на раководни државни службеници. Недоследностите во работењето на Агенцијата се манифестираат и по однос на постапувањето по приговори против решенија донесени во досциплински постапки против државни службеници кои сториле дисциплински престапип опфатени со Законот за државни службеници.

Во Министерството за одбрана се спроведени 18 дисциплински постапки со доследно почитување на словото на законот, со одржување на рочишта за главна расправа пред дисциплинска комисија во која по сила на законот членува делегиран претставник на Агенцијата за државни службеници.

Сите решенија донесени во овие постапки се поништени од надлежната комисија на Агенцијата за државни службеници поради наводно формално - правни недостатоци во постапката. Се поставува прашањето како можат да се појават формално - правни недостатоци на постапката која ја спроведува делегиран член на Агенцијата кој со свој потпис на записниците за текот на постапката потврдил дека во истата нема формално-правни недостатоци.

Со таквото постапување Агенцијата го суспендира владеењето на правото и санкционирањето на извршителите на дисциплинските престапи и овозможува натамошно неизвршување на работите и задачите на државните службеници.

Почитувани колеги од овие причини ќе гласам за предлогот на Владата за разрешување на директорот на Агенцијата за државни службеници.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г. Апостоловски.

Со оглед дека веќе никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Рубин Двојаков да биде разрешен од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници го ставам на гласање, пред да почне гласањето ги замолувам пратеници кои излегоа од салата да се вратат и да одиме на гласање.

Ги молам службите да ми кажат број на присутни пратеници во салата.

Има вкупно 64 пратеници.

Ве молам да се вклучи системот за гласање и да пристапиме кон гласање.

Повторувам гласаме предлогот Рубин Двојаков да биде разрешен од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници.

Гласале 62 пратеници, за гласале 58, воздржани 2, против 2.

Констатирам дека Рубин Двојаков е разрешен од функцијата директор на Агенцијата за државни службеници.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменици на на секретарот на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор г. Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател. Ќе се поврзам со зборовите на мојата колешка претходно која имаше забелешка во однос на однесувањето на државните службеници кога станува збор за нивно унапредување или уназадување без почитување на законските норми во однос на државните службеници, но колегата ќе го земе ова како принцип за разрешување на луѓето за кои самиот ќе гласа. Кога станува збор за случајот за кој станува збор мислам дека разрешувањето е избрзано и не е во кореспонденција со Законот за државни службеници.

Како што ви е познато со Законот за државни службеници кој беше донесен во јули 2000 година и во последните одредби е одредено дека службениците кои имале работен однос со влегувањето во сила на овој закон имаат право да бидат исплатени со ист личен доход додека не го добијат статусот на државни службеници. Значи, со оваа преодна одредба исто така во членот 85 од Законот за државна работа го одредува правото за вработените кои се раководители на разни сектори, на одредени сектори и таму се определува местото на заменик секретар на Парламентот со подзаконски акти.

Со овој закон Парламентот се обврзува во што пократко време да ја усвои систематизацијата за да се адаптираат на Законот за државни службеници.

Единствениот аргумент е дека со регулативата, со Деловникот заменик секретар таа функција не се предвидува, а овој аргумент поради кој се нуди ова разрешување овој аргумент не држи затоа што со самиот Деловник за работа на Парламентот и организација на работата на Парламентот, Одлуката за организација на службите на Парламентот и законските одредби за продолжување на работата до добивањето на статусот на државен службеник не треба да се прави разрешување на овие службеници.

Наместо да се чека усвојување на систематизацијата на Парламентот и таа да се адаптира на органите на Парламентот без да се направи систематизација се прави разрешување на замениците на секретарот и тие не се ставаат на позиција која соодветствува со позицијата на државен советник.

Значи, се работи за професионални лица кои професионално ја вршат својата должност, но овој избрзан начин на разрешување не се случува само сега, туку во последно време сведоци сме на многу случаи на разрешувања кои се прават на избрзан начин и кои не соодветствуваат со правните норми.

Затоа ги молам колегите кога ќе ја обвинуваат минатата позиција и делувањето на минатата позиција што се однесува до вработувањето треба и самите да бидат самокритични и да видат самите што прават.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 59, 1 воздржан и 5 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување од функцијата заменици на секретарот на Собранието на Република Македонија.

На господата Јосифовски и Авдиу им благодарам за досегашниот ангажман.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на одлука за именување заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г. Љубисав Иванов - Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Само прашање дали се ова партиски луѓе?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 61, 2 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

На госпоѓата Георгиевска и господинот Касами им го честитам именувањети и им посакувам успех во работата.

**Минуваме на точка 13 - Предлози за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлозите за избор Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Борис Николовски да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 57, 4 воздржани никој не гласал против.

Констатирам дека Борис Николовски е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

На господинот Николовски му честитам.

Отворам претрес по предлогот Вера Коцо да биде избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 63, 3 воздржани, 2 гласале против.

Констатирам дека госпоѓа Вера Коцо е избрана за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

И честитам на изборот.

**Минуваме на точка 14 - Предлози за избор на претседатели на основните судови во Битола, Крушево и Охрид.**

Предлозите за избор ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот м-р Стефан Карамани да биде избран за претседател на Основниот суд во Битола.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 63, воздржани 5, против 1.

Констатирам дека м-р Стефан Карамanди е избран за претседател на Основниот суд во Битола.

Отворам претрес по предлогот Благоја Бошкоски да биде избран за претседател на Основниот суд во Крушево.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 61, воздржани 7, против 2.

Констатирам дека Благоја Бошкоски е избран за претседател на Основниот суд во Крушево.

Му честитам на изборот.

Отворам претрес по предлогот Никола Дескоски да биде избран за претседател на Основниот суд во Охрид.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 26, воздржани 2, против 40.

Констатирам дека Никола Дескоски не е избран за претседател на Основниот суд во Охрид.

Пред да преминеме на точка 15 предлагам пауза од 15 минути до 13,30 минути и потоа ќе продолжиме по останатите точки од дневниот ред.

Ве молам да бидеме точни затоа што по паузата имаме само уште два часа работа да ги поминеме оние точки особено со комисиите.

(Пауза од 13,20 часот.)

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 13,45 часот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Молам службите д аги пребрејат присутните пратеници во салата.

Во салата имаме доволно пратеници за работа.

***Минуваме на точката 15 - Предлог за избор на судии на Основните судови во Скопје И - Скопје, Гостивар и Струга.***

Предлозите ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Бојана Давидовиќ да биде избрана за судија на Скопје И - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 60 пратеници од кои за гласале 54, воздржано 2 и против 4.

Молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Во салата се присутни 62 пратеника, што значи дека гласањето е валидно.

Констатирам дека Бојана Давидовиќ е избрана за судија на Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Зорица Ивановска да биде избрана за судија на Скопје И - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 56 пратеници, во салата се 62, од кои за гласале 15, воздржано 4 и против 37.

Врз основа на резултатите констатирам дека Зорица Ивановска не е избрана за судија на Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Мехмет Алиу да биде избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 62 пратеници, од кои за гласале 58, воздржано 1 и против 3.

Констатирам дека Мехмет Алиу е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Отворам претрес по предлогот Севди Каба да биде избран за судија на Основниот суд во Струга.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 61 пратеници, од кои за гласале 15, воздржано 41 и против 5.

Констатирам дека Севди Каба не е избран за судија на Основниот суд во Струга.

(Процедурално бара збор некој пратеник)

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Барам поединечно гласање и затоа барам поддршка од 10 пратеници за да се гласа поединечно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Насуфи ве молам за малку внимание.

Согласно Деловникот поединечно гласање може да има само доколку има плус - минус 5 од бројот што е потребен за избор или неизбор. Во овој случај разликата е голема и не може да имаме поединечно гласање.

***Минуваме на точката 16 - Предлог на одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.***

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Ги молам избраните членови на Комитетот во текот на наредната седмица да одржат седница и да ги преземаст дејствијата кои произлегуваат од конституирањето на оваа уставна институција.

***Минуваме на точката 17 - Предлог на одлука за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранисето на Република Македонија.***

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитувани пратеници,

Малку со задоцнување зедов збор очекувајќи дека ќе земе збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Претпостасвував дека ќе чувствува морална обврска да одговори на прашањата кои што ги постави парламентарната група на ДПА. Бидејќи тој не чувствува обврска јас ќе ви ја кажам содржината на тоа писмо, копија која ви е испратена и вас.

Ние имавме една средба меѓу координаторите на пратеничките групи на која се согласивме во принцип дека именувањето на членовите и заменциите во комисиите, оставивме нешто од тоа да се разговара во опозицијата, за тоа кој ќе раководи со овие комисии. Сега, кога ги гледаме предлозите што се стигнати, претседателите на комисиите скоро сите се од иста партија, само кај ДПА која што води само една комисија, претседателот на Комисијата е од ДПА, а заменикот е предложен од друга партија, која е позиција.

Сега барам од вас помош, бидејќи претседателот на комисијата не реагираше да се придржуваме кон принципите. Доколку за сите парламентарни групи важи дека претседателот и заменикот треба да се од иста пратеничка група, би замолил да се придржуваме кон тој принцип и комисијата со која раководи нашата пратеничка група и заменикот на претседателот да биде од ДПА.

Доколку Комисијата за избори и именувања цени дека една група на парламентарци треба да ја водат Комисијата, и да се заменици, тогаш мислам дека е соодветно поголемите партии кои имаат повеќе комисии да бидат поширокогради и да го дозволат ова и за другите комисии.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Молам, дали некој бара збор?

Господинот Јорданвоски во својство на предлагач.

**ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Јас се извинувам ако навистина било морална задача да го објаснам приговорот што го изнесе претставникот на пратеничката група на ДПА, но мислам дека ова што е овде направено е сосема коректно и со целосна одговорност стојам зад сите овие постапки.

Имено, во функција на усогласување на ставовите, јас како претседател на оваа Комисија испратив допис до сите пратенички групи да доставаат членови на комисиите по пропорции кои што беа договорени на состанокот за кои што зборува господинот Дика кај претседателот на Собранието. Морам да кажам дека тука беше експедитивна за разлика од другите пратенички групи, пратеничката група на ДПА. Тие ни доставија листа со членови и заменици. При тоа ми кажаа дека одредени две комисии тие не ги потполнуваат, бидејќи тоа беше договор во врска со тоа, се извинувам, но да не го прераскажувам еден према седум по пратеник. При тоа ми доставија за претседател на Комисијата за труд и социјала што припадна на пратеничката група ДПА само еден предлог. Заменичкото место беше празно. Претпоставувам дека тие така одлучиле во пратеничката група. Така моравме да ставиме заменик и сметавме дека господинот Неџип Мустафа, кој што припаѓа можеби на една поголема социјална група би бил соодветен заменик.

Она што морам да кажам е тоа што пратеничката група на ДПА имаше претставник во таа Комисија и тој немаше никаква забелешка и коментар во врска со тоа.

Јас сепак сум расположен ако најдеме разбирање и пост вестум да ги разрешуваме работите бидејќи има време, може да се извршат измени, само не прифаќам јас како претседател или нашата комисија дека не ја завршила работата онака како што треба и одговорно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на господинот Јордановски.

Ќе ви дадам збор на сите што побарале, само би сакал да ве замолам. Има 191 место членско во комисии и исто толку заменички места, што значи тоа се од прилика 400 места кои се усогласени, па сега да не драматизираме за едно место особено од аспект што замениците функционираат само ако членот не е на комисија. Таквата грешка може да се исправи. Амандмани не се доставени до мене. Ако е

само заради тоа, предлагам да влеземе во процедура, се разбира дека со тоа не ја запирам расправата, да ги избереме овие а на првата наредна седница да се направи измена и дополна. Не верувам дека заменикот, со оглед дека претседателот е господинот Халими кој професионално работи во Парламентот, ќе биде ефективен затоа што господинот Халими ќе си ја води комисијата, а за заменикот сите знаете дека не е ефективен член, само по игра на околности може понекогаш, што е исклучок, а не е правило.

Би предложил ако се согласувате со ова што го кажа предлагачот, на една од наредните седници да се исправи таа грешка. Тогаш тоа прашање денес да не го дебатираме, со оглед дека се работи за огромен број, за 400 позиции што треба да ги избереме во оваа точка, а за една од тие 400 да не направиме проблем.

За збор се јави господинот Јордановски.

**ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:**

Јас мислам дека таа грешка не е грешка.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не ваша грешка, зборувам општа грешка која можеме да ја исправиме. Алудирам на тоа да го усвоиме предлогот и да ја исправиме грешката на првата наредна седница на Комисијата за избори и именувања, а да не го доведуваме во прашање вкупниот избор на сите.

Тоа е мој предлог, а секако може да се дебатира и понатаму.

Илјаз Халими бара збор за реплика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И за мене и за нашата парламентарна група е оправдано вашето објаснување. Драго ми е што имате ваков однос кон опозицијата без оглед што некои членови од вашата партија се однесуваат многу арогантно. Вие имате пред с# сенс, барем малку придржување кон принципите. Значи, ние овде зборуваме за придржување кон принципите и јас се согласувам во однос на координација на парламентарната група имајќи го предвид дека станува збор за мали работи, јас испратив писмо на претседателот на Комисијата да му укажат за ставот на парламентарната група, цело време имајќи ги во предвид принципите. Во сите комисии претседателот и заменикот на претседателот се од една иста политичка партија. Како во оваа комисија има разлика, што значи дека станува збор само за

принцип, а не не што за морал. Иако претседателот на Комисијата зборува дека не е направено грешка, не сакам да процесирам на ниту еден начин, туку само сакам да кажам за некои работи постои принцп а за некои не, имајќи во предвид дека бевме многу културни и дека претседателот на комисијата го известивме со нашиот предлог и ние се заложивме преку писмото за ставот на нашата парламентарна група. Го замоливме пред почетокот на оваа седница набрзина ако може да се направи таа промена. Значи, ако постои можност и ако постои волја на една од наредните седници да се придржуваме кон тире принципи, ние се согласуваме со таквиот предлог. Значи, нема ништо индивидуално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас предлагам со оглед дека навистина се работи само за една скоро незначителна измена во пакетот од 400 измени и именувања по оваа точка што се индивидуално, да прифатиме принципот да го издржиме до крај, а на правата наредна седница, колку што разбрав господинот Јордановски по добивањето на писмото не можел само заради тоа да ја свика комисијата само за тоа прашање. Значи, на првата наредна седница на Комисијата тоа прашање да го вклучи и на тој начин да излеземе од таа ситуација, ако е само тоа проблемот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Со оглед на фактот што сум член на Комисијата за избори и именувања, факт е тоа што го спомна претседателот на Комисијата дека јас немав забелешки од следната причина.

Прво имав забелешка дека претседателот на Комисијата што предлогот на членовите и претседателите, како и членови не ни беа на време доставени да ги разгледаме па да видиме како биле направени овие предлози, туку на самиот состанок ни беа доставени материјалите така што мислев дека и претседателите на другите комисии ги имаат замениците од другите политички партии. Јас неможев да направам разлика дека Комисијата на пример за спорт, за култура каде претседател е Благој Големов а заменик некој друг. Не ги знам јас сите пратеници и дали се од иста политичка партија или се од различна политичка партија. Затоа тоа беше и причината, тргнувајќи од тоа дека координаторот на Пратеничката група рече дека сме се договориле за сите, претпоставував дека договор е постигнат. Можеби од тоа произлегува недоразбирањето. Затоа не треба да должиме, претседателот на

Собранието рече ова да го оставиме за следниот состанок на Комисијата за избори и именувања. Мислам дека тоа е повеќе технинчко прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас би ве замолил тоа прашање да не го третираме повеќе. Навистина да не правиме од мравка слон за работа која не е суштинска.

За збор се јавува господинот Хасипи.

Господине Хасипи ако е за истото прашање би ве замолил да не зборуваме повеќе.

КЕНАН ХАСИПИ:

Не за исто меѓутоа со иста содржина.

Само да ве потсетам дека и при персоналното конституирање на комисиите дојде до едно недоразбирање, ненамерно. За тоа е информиран и претседателот на Комисијата за избори и именувања и координаторот и се договоривме тоа да се координира на првата наредна седница на Комисијата за избори и именувања. Тоа е нешто дополнително од ова што дискутираат пратениците од ДПА. Не сакам за ова да елаборирам повеќе со оглед на тоа што може да се отвори и поширока расправа. Тоа да се корегира на првата наредна седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Оваа одлука консензуално е усогласена помеѓу сите 120 пратеници и не гледам причина да расправаме.

Молам, да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеници.

69 пратеник гласал за 1 воздржан а никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претсдатели, заменици на претседателите, членови и заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на 18-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пртеник.

За гласале 70 пратеници, воздржан 1 и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Минуваме на 19-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на ОБСЕ.

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 71, 1 воздржан и против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката  за избор на шеф, членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на ОБСЕ.

Минуваме на 20-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија  во Интерпарламентарната Унија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор: (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го   заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници и сите се изјасниле за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламнтарната Унија.

Минуваме на 21-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарната димензија на Централно-европската иницијатива.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници и сите се изјасниле позитивно.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф и членови на Делеацијата на Собранието на РМ во Парламентарната димензија на ЦЕИ.

Минуваме на 22 точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на шеф и членови на Делегацијата на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Североно атланската договорна органзација - НАТО.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Молам, дали некој бара ѕбор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарното Собрание на Северно атланската договорна организација - НАТО.

Минуваме на 23-та точка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на делегацијата во Собранието на РМ за соработка со Европскиот Парламент.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Збор побара Јордановски Љупчо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, драги колеги,

Пратеничката група на ДПА во своето писмо има одредени забелешки и по оваа одлука.

Јас уште еднаш ќе повторам како претседател и Комисија најсовесно и најодговорно си ја извршивме нашата задача. За тоа имаме аргументи.

На 21 ноември 2002 година до сите пратенички групи е доставено барање да достават кандидати за овие меѓународни организации. И за делегацијата за соработка со Евгропскиот Парламент исто така е предложен составот, паритетен состав од пратеничките групи. Во тој состав од предлогот на Комисијата и претходни разговори не е предложено ДПА да има член. Ова помина и на Комисијата каде што имаат нивни претставник, за последен ден да се јави Пратеничката група на ДПА со свој допис. Јас не сакам да го читам тој дел од дописот, само ќе спомнам дека аргументите нивни се дека мора да постои, порано било така и таа пракса треба да продолжи што можеби може да го прифатиме.

Втората работа е дека мора да постои еден член од најголемата опозициона партија албанската заедница.

Јас овој предлог неможам да го прифатам бидејќи во Парламентот има позиција и опозиција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитувани членови на Владата, почитувани пратеници.

Му благодарам на претседателот на Комисијата што даде ображложение во врска со составот на оваа Комисија, од толку големо значесе, имајќи предвид дека приоритетот и на минатата но и на сегашната влада е интеграција на РМ во евроатланските структури и во ЕУ и соработката на Парламентот на РМ со Европарламентот, што мислам дека е една од најприоритетните задачи на надворешната политика, на делот од ингеренциите што ги има Парламентот.

Што се однесува до спогодбите што досега сме ги постигнале, во писмото кое што сме го испратиле во однос на наш член, како предлог за член на оваа делегација, не било тоа дека ДПА сака да понуди член во таа делегација. Но сите досегашни делегации, ова не е аргумент кој, незнам колку ќе биде оправдан за вас но ние секогаш во овие комисии за сораобтка со Паневропската комисија имавме еден претставник на албанска партија од опозицијата и еден член на албанска партија која што е во позиција. Јас мислам дека токму во овој мандат тоа треба да биде од поголемо значесње, да се засили оваа позиција, бидејќи една од нашите обврски е Рамковниот договор на сите партии кои се во позиција и опозиција, значи имплементирање на Охридскиот рамковен договор.

Господине претседателе, како би било овој Рамковен договор кој во голем дел се однесува и на овој дел од албанското население, со унапредувањето на албанските права. Тоа е содржината на Охридскиот договор. Што на пример доколку актуелнат власт не го почитува Охридскиот договор во делот на почитувањето на правата на албанското население. Кој ќе биде тој кој во контакт со Европскиот Парламент ќе даде оценка од страна на позицијата што е се случи ако ние продолжиме да се лажиме самите себе. Ова е една хипотетичка ситуација. Мислам дека е добро и за партиите од позицијата да има претставник од ДПА во оваа комисија, со цел, целата политичка мапа која е претставена во Парламентот да може на реален начин да ги даде своите оценки во соработка со Европскиот Парламент. Значи ова не е некоја голема желба да се учествува во комисијата, да се оди во Брисел, туку повеќе една позиција заснована врз принцпиелни основи. Би замолил, доколку Комисијата ја преземе обврската, на една следна седница да се направи вакво нешто за што би бил благодарен. Доколку тоа не се направи ние ќе се чуствуваме обврзани да го информираме Евгропскиот Парламент и другите меѓународни организации за позицијата на оваа комисија во однос на опозиционите партии што се однесува до оваа соработка.

Сакам на таанспарентен начин да истакнам кои би биле последиците од едно неопфаќање на политичката мапа во тој правец. Мислам дека ова е принципиелно барање, едно логично барање и би барал од сите пратеници овде, да покажат разбирање во тој правец.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Агрон Буџку.

АГРОН БУЏАКУ:

Јас имам еден предлог, имајќи ги предвид барањата на ДПА, ова прашање да се разгледува на идната седниц, тогаш да се направат именувањата, а во меѓувреме да се разговара со координаторите на другите политички партии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Љупчо Јордановски се јавува како предлагач на точката. Имате предлог од господинот Буџаку. Да се изјасните за предлогот дали го прифаќате или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние неможеме овде да воспоставиме принципи или методи, адход да менуваме одлуки кога во најредовни процедури беа известени, имаа време пратеничките групи да се изјаснат. Во секој случај ако инсистира на тоа и ДУИ јас ќе направам консултации за да извршиме одредени корекции, но тоа не значи дека

неможеме сега составот да го избереме. Јас предлагам сега да се избере состав, а на следната седница да се извршат тие корекции, како што се договоривме тука ќе извршиме и со Комисијата  за труд и социјала.

Она што сакам да потенцирам дека неможеме ефикасно да работиме ако прво ние во своите пратенички групи не ги извршиме солидно работите. На време беа известени сите пратенички групи за составот на ова  тело како и за другите тела.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Буџаку, предлагачот не го прифати Вашиот предлог. Ако сакате можете да барате Собранието да гласа за тоа. Тоа е ваше право.

Има збор господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Најнапред би сакал на сите граѓани со муслиманска вероисповест да им го честитам празникот Бајрам, да им пожелам среќа, успех и мир во домоите и меѓу сите нас.

Ќе се осврнам на дискусијата на господинот тука со што сакам да презентирам еден поглед како би требало да се однесуваме кон нештата.

Нашите членувања  во сите овие собраниски комисии, пред се е презенирање на  македонските интереси, пред се интересите на оваа држава како унитарна држава на сите граѓани. Да престанеме да се тужакаме пред европските и светските институции во поглед на барањето на права надвор од ова Парламентарно собрание. Ова е највисоко законодавно тело. Тука сме сите заедно да ги разгледуваме сите прашања како во поглед на имплементацијата на Охридскиот договор и сите работи како треба да се однесуваме кон нештата. Присуството во овие меѓународни комисии е исклучиво во интерес на промовирање на македонската политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Замир Дика претпоставувам има реплика на господинот Трифун Костовски. Имате право на три минути.

ЗАМИР ДИКА:

Се надевам дека сите проблеми со кои ќе се соочиме во текот на имплементацијата на Охридскиот договор кој претставува еден фундаментален документ за иднината на државата, ќе разговараме тука и ќе ги решаваме меѓу нас. Меѓутоа, што господине Костовски доколку и покрај сета наша волја нема да успееме да решиме некои проблеми. Од една страна во процесот на интеграција на Европската Унија ние ја потпишавме спогодбата за стабилизација и асоцијација,

норми и стандарди. Што доколку ние не успееме да ги решиме овие проблеми во рамките на овие спогодби што сме ги потпишале и се легални. Мислам дека е добро и гласот на опозицијата, во овој случај, иако навистина останувам со надеж дека сите овие проблеми ќе се решат тука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Костовски има реплика на господинот Дика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Би сакал да биде една основна цел што побрзо приближување на Македонија кон европските стандарди. Се што е од Рамковниот договор, се што треба да се имплементира и како дел од една идна заедничка европска интеграција односно Македонија каде треба да припаѓа, за тоа треба сите максимално да се залагаме. Господо, дајте заеднички да го уврдиме нашиот пат. Нашиот пат е во Европа. Охридскиот договор е таков каков што е, ќе го имплементираме. Меѓутоа, да не одиме двапати еден ист пат, да го имплементираме согласно денешните европски стандарди.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има господинот Нежде Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Би сакал да му реплицирам на господинот Дика бидејќи по се изгледа станува збор за мојата позиција во оваа Комисија. Доколку така сметате мислам дека тоа не е коректно, доколку смета во оваа Комисија, бидејќи не гледам дека друг член би можел да се повлече од оваа Комисија освен јас. Така што јас сметав дека ќе ја цените и мојата позиција како заедница во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи за друга позиција г-дине Мустафа.

Збор има г-динот Халими Илјаз.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувани колеги,

Би сакал да бидам до крај коректен како и понапред, а се надевам и во иднина, претседателот на Комисијата за избори и именувања што се однесува до оваа точка истакна дека немало забелешки од страна на членот на оваа Комисија претставник на ДПА. За оваа точка претседателто на Комисиајт аистакна дек аовој договор е постигнат за овие членови на делегацијата со координаторите на парламентарните групи. Вие го слушнавте координаторот на нашата парламентарна

група, тој спомна дек аза членовите на делегацијата од Парламантот за соработка со Европскиот парламент не сме имале никакви известувања или барање ние да предложиме кандидат. Значи сега испаѓа дека од страна на претседателот на Комисијата за избори и именувања ние сме изманипулирани, затоа што ја ссум му верувал. Јас забележав дека освен другите членови има и двајца членови од ДУИ во оваа комисија. И, верувајки му на зборот на претседателот на Комисијата, мислев дека тоа е така, дека сигурно тие се договориле во некоја друга делегација од Парламентот на Република Макеоднија за соработка со меѓународни организации ќе има двајца претставници од ДПА и еден од ДУИ, со оглед на фактот дек ание ќе формираме и други делегации. Затоа не интервенирав. Затоа што, доколку беше спротивно, се разбира дека Ќе интервенирав. Навистина, тука се нарушува еден принцип што до сега важел во рамките на овој Парламент. Затоа барам и тука да се направи една мала корекција. Желба за тоа покажа и самиот г-дин Агрон Буџаку. Треба да се покаже разбирање од страна на другите во вооj Парламент.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави г-динот Јордановски Љупчо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само сакам да кажам дека не прифаќам квалификација дека јас сум манипулирал некого. Пред се, дописот што е испратен до нивната пратеничка група јасно зборува дека во оваа делегација ДПА нема член. Предложено е да нема член. Има во другите делегации. Јас немав никаква повратна реакција од типот дека тие не се задоволни, дека тие сакаат да имаат таму член. Претпоставував дека тоа му е пренесено и на нивниот претставник во Комисијата и затоа беше едногласно усвоена. Сето ова е постфестум, после овие дописи што доаѓаат. Можам да сметам дека со полна совест и одговорност најкоректно се извршени постапките и процедурата спроведена за избор на овие членови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Г-динот Замир Дика бара збор.

ЗАМИР ДИКА:

Во името на парламентарната група барам збор г-дине претседател. Можеби малку должиме но мислам дека сега ги воспоставуваме принципите за натамошната работа.

Со г-динот Јордановски за време на координацијата имавме една добра соработка. Јас бев експедитивен во однос на барањата и на обврските што требаше да ги исполниме. Мислам дека ова ќе се цени. Но, еве што испадна.

Господинот Јордановски секогаш предвидува што ние сме сакале. Тогаш може да стане координатор на нашата пратеничка група. Тогаш ќе не координира. Мислам дека на многу коректен начин доставив писмо до претседателот на Комисијата пред 2-3 дена со единствена намера да постигнеме разбирање, да се корегира ееден многу мал детал. Мислам дека е прифатлив за сите. Не барам ништо екстра за нашата пратеничка група за да водиме една ваква дебата. Навистина мислам дека треба да имате поголемо разбирање за барањата на парламентарните групи.

Тоа е се.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејки никој веќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 58, воздржани 3, против гласале 6.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател, заменик на претседател и членови на  Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент.

Минуваме на точката 24 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Со оглед дека никој не бара збор го зартворам претресот.

Предлгото на одлуакта го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеници, 59 гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Минуваме на точката 25 - предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателто, членови и нивни заменици на

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Бидејки никој не бара збор го зартворам претресот.

Предлгото на одлуакта го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 59 гласале за, 2 воздржан и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателто, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 26 - Предлог на одлука за огласување, именување на јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор?

Бидејки никој не бара збор го зартворам претресот.

Предлгото на одлуакта го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, 65 гласале за, никој не се воздржал и 1гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување на именување на јавен обвинител на Република Македонија.

Согласно договорот, се враќаме на втората точка од дневниот ред - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Предлагам да го ослушаме воведното излагање на министерот за Финансии за Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 и заедно со оваа точка и воведните излагања за точката 3 - Предлог на закон за измена и дополна на Законот за ограничување на изворните приходи и точката 4 - Предлог на програма за измена и дополна на Програмата за користење на средства остварени од приватизација на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година, а претресот, се разбира , ќе го водиме одвоено.

Господинот Гошев, министер за финансии има збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници.

Ова е мое прво обраќање до Вас по дадениот Ваш глас за новата Влада на Република Македонија, со тоа и за мене како министер за финансии во неа.

Затоа, дозволете ми, користејки ја оваа прилика и јавно да Ви се заблагодарам за довербата, да Ве поздравам и да Ви посакам успешна работа со взаемно добра соработка за доброто и просперитет на нашата држава.

Настаните ми исковаа задача моето прво обраќање до Вас да се случи преку предлогто за менување и дополнување на Буџетот на РМ, усвоен од претходниот состав на Псрламентот и тоа на неполн месец од завршувањето на буџетската година.

Вас, и без сомнение сите кои издвојуваат пари за буџетот на државата и јавните фондови, секако Ве енетресира зошто Владата излегува пред Вас со барање за измени и дополнувања на Буџетот, иако по прашањето за итноста нешто од тоа објаснив.

Првата причина е следната: Претпоставките врз чија основа е планиран Буџетот за 2002 година не се целосно остварени. Имено, беше планирано реалниот раст на бруто домашниот производ (БДП) во 2002 година да изнесува 3%, со ребалансот направен во јуни месец оваа година од претходниот состав, а стапката на инфлација да изнесува , исто така, околу 3%. Тоа, сметаа тогашните планери требаше да овозможи вкупен Буџет од 69,27 милијарди денари, во кои редовните приходи ќе изнесуваат 58,10 милијарди денари, редовните расходи 63,02 милијарди денари, а со тоа дефицитот би изнесувал 4,9 милијарди денари или околу 2% од БДП.

Меѓутоа, на крајот на годината констатираме дека реалниот раст на БДП за 2002 година ќе изнесува околу 0%, можеби најмногу 0,5% иако некои дискусии сеуште постојат, дека приходите ќе се формираат на нешто пониско ниво од планираното. Во податоците можете да видите дека пониското ниво е приближно околу 500 милиони денари. Меѓутоа, оваа причина, кога би била единствената, не би била доволна да не принуди да пристапиме кон ваков предлог на ребаланс не полн месец пред 2003 година.

Втората и најважна одлучувачка причина е фактот што во текот на 2002 година се создадени обврски за централниот буџет на државата што далеку ги надминуваат палнираните средства со Буџетот. Заедно со некои неизмирени обврски од пред 2002 година до сега сумиравме пречекорување на буџетските

лимити од околу 4,4 милијарди денари, со напомена дека ни оваа цифра не е конечна, бидејки дополнително се јавуваат нови дефицитни ставки.

Би спомнал само дел од најзначајните ставки кои што го формираат овој износ:

1.Констатиравме неизмирени обврски кон граѓани на Република Македонија од 900 милиони денари за нивен повеќемесечен ангажман во резервниот состав во Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи. Биле планирани многу многу помалку средства за тие функции, а потрошени се односно создадени обврски многу многу повеќе, најмалку за износод за кој што зборував сега.

Владата смета дека овие граѓани кои одговориле на својат апатриотска должност, заедно со големата благодарност, мора наитно да ги добијат и своите плати за досегашниот ангажман.

2.Констатиравме неизмирени обврски кон приватни претпријатија за извршени инвестициони работи во вкупен износ од 340 милиони денари. Се разбира, не планирани во Буџетот за 2002 година.

3.Констатиравме активирани гаранции во износ од 447 милиони денари, од кои најголем дел се веќе извршени, но мора да најдат место во Буџетот.

4.Констатиравме платени и извесни за плаќање судски извршни решенија во износ од 340 милиони денари, што ги нема во Буџетот, не се планирани за тој за кој што зборуваме, за Буџетот за 2002 година.

5.Констатиравме достасани и неизмирени обврски за набавени стоки и услуги во вкупен износ од 903 милиони денари што исто така немаат буџетска позиција, буџетски износи.

6.Констатиравме достасани и неизмирени обврски за сместување на внатрешно раселени лица, превоз на ученици, партиципација во трошоци за хендикипирани деца, стипендии и кредити, партиципација во цена џза сместување и исхрана на студенти и ученици и слично во вкупен износ од 400 милиони денари за кои што исто така нема средства во Буџетот за 2002 година.

7.Констатиравме дополнителни средства потребни за редовна и целосна исплата на пензиите, на надоместоците за невработеност и на социјално загрозените семејства, на детскиот додаток и на работниците во претпријатијата загубари, во вкупен износ од 802 милиони денари, што исто така не можат да се покријат од постојните ставки во постојниот Буџет на Република Макеоднија.

Доколку се има предвид дека, освен по обемни пречекорувања, ќе се соочиме и со помалку приходи од планираните во досегашниот Буџет, во износ од 480 милиони денари, станува сосема јасно дека се соочуваме со голема финансиска дубијоза што бара решение.

Но, пред да се осврнам на решението, мислам дека ќе се согласите ако констатирам дека:

1.Пречекорените износи над буџетските лимити покажуваат алармантна буџетска недисциплина, неодговорност и повреда на законските обврски од страна на буџетските корисници. И, се разбира, Владата преку детална проверка на сите видови трошења на буџетските позиции ги испитува конкретните одговорности вов рска со тоа.

2.Дека тоа евидентно говори за слабости во финансискиот систем, кршење на прописите и недоволна одговорност на високи функционери во државата, што доведува до креирање на неконтролиран внатрешен јавен долг што оневозможува водење здрава економска политика, односно долг што инхирентно креира макро-економска нестабилност и ниски, слаби економски перформанси и економски резултати на македонската економија.

3.Дека таквата слаба фискална дисциплина или обратно, таквата изразена фискална недисциплина ја дискредитира земјата пред меѓународните партнери, особено пред тие кои што во овој момент се и можат да се од големо значење за Македонија: ММФ, Светска банка, ЕУ и сите други кредитори важни за Република Македонија.

4.Дека креирањето фискална недисциплина од страна на државните органи и институции генерира и дисперзира општа финансиска недисциплина во целото општество, денеска позната на секој граѓанин во Република Макеоднија.

5,Дека таквата финансиска недисциплина ги дискредитира државните институции, го дискредитира авторитетот на државата. Државата не смее да креира обврски што не може да ги плаќа, не смее да креира обврски што не ги плаќа за да има морален кредибилитет да бара финансиска дисциплина применувајќи ги законите и од сите други субјекти во државата.

6.Дека пренесувањето на толкав акомулиран долг во наредната година, 2003-та, кога целото ова би го прелеале во идната година, ќе предизвика крајно негативни ефекти врз фискалната политика, стабилноста на цените, стабилноста на девизниот курс, нивото на девизните резерви. Со еден збор, ќе предизвика значителни штети врз развојните можности на земјата во 2003 година и наредните години. А, просторот

за водење макро-економска политика во наредната година би бил многу многу тесен затоа што со оние, со кои разговараме за аранжман се разбира дека нема да толерираат вакви однесувања.

Почитувани пратеници,

Токму од тие причини, а тоа значи не од желба да се бавиме со нечие поведение, како што некои помислуваат, ниту поради чиста забава, ниту пак поради било какви мимикрии на наши капацитети, безидејност или отсуство на идеи за решенија, ние сме принудени да ја утврдиме фактичката состојба во земјата.

И затоа мораме ова да го направиме.

За конкретниот, во најблага варијанта дуплиран дефицит во централниот буџет,со овие дополнителни откритија кои што не се сеуште целосни, предлагаме краткорочна мерка: прво, ребаланс на Буџетот за 2002 година, затоа го понудивме овој ребаланс. Ребалансот, како што можевте да видите, предвидува зголемување на буџетот за околу 3,3 милијарди денари, односно за околу 1,1 милијарда денари помалку од утврдениот недостиг од 4,4 милијарди денари.

Разликата од 4,4 на 3,3 милијарди денари е резултат на досега изнајдените внатрешни резерви и заштеди во Буџетот, од кои 465 милиони се од Министерството за одбрана, 380 милиони се од резерви на име курсни разлики во плаќањата на главницата и камати по странски кредити, ни помогнале девизните курсеви, движењето на девизните курсеви, а 288 милиони денари се заштеди од издвоени и планирани средства за плати.

На тој начин вкупниот Буџет на централната државна власт за 2002 година би изнесувал 72,55 милијарди денари. Вкупните приходи во новоребалансираниот Буџет би изнесувале 57,6 милијарди енари, а вкупните расходи кои вклучуваат целосно измирување на сите познати буџетски обврски, овие што до сега сме ги утврдиле, што достасуваат до крајот на 2002 година би изнесувале 66,55 милијарди денари.

Така проектираните приходи и расходи би генерирале дефицит од 8,95 милијарди денари, што е на ниво од околу 3,7% од бруто домашниот производ, планирал бил 2% и за 4,05 милијарди денари повисок во однос на утврдениот со ребалансираниот Буџет од јуни о.г., усвоен повторувам од претходниот состав на Парламентот.

Бидејќи спомнавме дека за покривање на новоутврдните обврски на буџетските корисници користиме нешто од над 1 милијарда внатрешни заштеди,

очигледен е нето недостиг на средства за плаќање на новоутврдените обврски во износ од 3,14 милијарди денари. И прашањето е се разбира што со нив.

За нив во предложениот ребаланс предвидуваме три извори за финансирање:

1. Зајакнување на наплатата на даноците и царините колку што е можно во последниот месец од годината, толку колку што во така кратко време може да се ефектуира, значи наплата на јасно утврдени побарувања, а има ненаплатени побарувања, активирање на гаранции за ненавремено плаќање на даночните обврски, забрзување на присилната наплата и продажба на нестратешки средства, посебно од стоковните резерви.

2. Користење на 300 милиони денари од средствата на Телеком, за што предлагаме и дополнување на програмата за користење на средствата од приватизацијата. Затоа ви е понудена програмата за користење на средствата од приватизацијата, односно измена, дополна со една алинеја, за да се овозможи од тој извор да се употребат 500 милиони денари за враќање на доспеани обврски за набавка на оружје, извршена во претходниот период

3. Контролирано користење на дел од денарските депозити на Буџетот на Република Македонија кај Народната банка на Македонија. Повторувам, контролирано, таму имаме одредени износи на депозити, но макроекономските агрегати, макроекономската рамка, разговорите со ММФ, опасноста од претерано користење на тој извор за нарушување на ценовната стабилност, девизниот курс, девизните резерви бара многу внимателно користење на тој извор на средства.

Буџетите на екстрабуџетските фондови, дадени во прилог, и тие ви се во материјалите, се усогласени со новоформираните приходи и расходи во централниот Буџет и таму каде што има врска измената во Буџетот со определен фонд, само таму има измена во фондовите за јавна потрошувачка.

Меѓутоа, почитувани дами и господа Министерството за финансии и Владата на Република Македонија се свесни дека тоа се краткорочни мерки, кои треба да одговорат на новонастанатата ситуација во Буџетот на Република Македонија или на ситуацијата наречена континуирана финансиска недисциплина во нашата држава.

За елиминирање или драстично ограничување на причините кои доведуваат до надбуџетско формирање на расходи со Буџетот за 2003 година, на Собранието ќе му предложиме повеќе долгорочни мерки, покрај мерките и истражувања на злоупотреби кои што се во тек, со кои ќе бидат зајакнати институциите и механизмите за контрола во јавната потрошувачка. Во оваа прилика би спомнал:

Дека ќе следат измени на Законот за буџети, кои ќе ги заострат критериумите за користење, ќе ги стеснат просторите за надбуџетско користење на средства, ќе имаме како и со секој буџет нов закон за извршување на Буџетот на Република Македонија, во кој ќе вградиме остри ограничувања и санкции за оние кои би ги надминувале буџетските позиции надвор од Буџетот, надвор од Законот за извршување на Буџетот.

Имаме измени на Законот за јавни набавки, кој што има повеќе слабости.

Имаме нов Закон за отворање сметки и ставање депозити кај деловни банки, затоа што многу пари од државата се изгубени и не можеме да ги вратиме, затоа што некои господа ставале депозити од буџетски корисници. Прво не смееле тоа да го прават, а второ ставале депозити кај банки со многу сомнителен бонитет и на тој начин имаме загрозување на високи износи на средства кои не можат да се повратат во овој момент и се разбира бараме решение во врска со тоа. Затоа ќе следи нов закон, не арбитрарни политички одлуки во зависност од партиски преференци, туку јасни критериуми за тоа каде може да се чуваат депозитите на државата. Ќе следи нов закон за стоковните резерви, затоа што денешните стоковни резерви се претворени во трговско друштво, има многу злоупотреби.

Ќе следи антикорупциска стратегија и оперативна програма за борба против корупцијата. Ќе следат се разбира и други мерки на кои работиме и за кои размислуваме.

Веруваме дека сите тие мерки ќе ги ограничат можностите за вакви манифестации на фискална недисциплина.

Затоа, ви предлагам да ги прифатите измените и дополнувањата на Буџетот за 2002 година, да го прифатите Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавната потрошувачка и дополнувањето на Програмата за користење на средствата од приватизацијата како поврзани сегменти од овој предоог за измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија.

Благодарам што ме сослушавте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Гошев.

Сега би сакал да се договориме за работа во Парламентот.

Прво би сакал да прашам дали има некој од претседателите на работните тела, кои се веќе избрани во Собранието, што сака Буџетот да го гледа на своето работно тело? (Нема).

(Дофрлување  од место со зборовите: “Груевски е на финансии”)

Груевски бојкотира, за жал. Ако не слуша на телевизија нека дојде да ни каже.

Доколку никој од претседателите на работните тела не изразува таква желба, тогаш заради верските празници седницата сега ќе ја прекинеме.

Дозволете по тој повод, дами и господа пратеници, од мое и од ваше име, на граѓаните на Република Македонија и на колегите кои се со исламска вероисповест во Собранието да им го честитам утрешниот празник Рамазан Бајрам, а седницата на Собранието ќе продолжи, со оглед дека утре е неработен ден за припадниците на исламската вероисповест, во петок во 10 часот, затоа што работните тела немаат интерес да го гледаат.

(Седницата прекина во 15,00 часот).